ЈДГ "Весели Цветови" на општина Кисела Вода во град Скопје

Ул."Ѓорѓи Сугаре" б.б тел:02/2776-236   факс: тел:02/2776-236

e-mail: jdg.veselicvetovi@gmail.com

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА   2013 / 2014  год.

**Септември, 2013 год.**

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД…………………………………………………………………………………...……. 3

1.1 ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ……………………… 4

1.2 ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ………………………………………………………….......... 4

1.3. ЗАДАЧИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ……………………………………. 5

2. УСЛОВИ ЗА РАБОТА, ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТНО ВРЕМЕ.. 6

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА…………. 12

4. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ ……………………………………………… 21

4.1. ПРОГРАМИ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ……..………..…... 26

5. ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА……………………………………………………………………………………….. 36

6. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ ……..……………………………..… 63

# В О В Е Д

Годишната програма за работа со деца од предучилишна возраст, претставува документ од јавен карактер, кој што е усогласен со современите оптшествено-демократски движења кај нас, како и со Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата.

Годишната програма е заснована на согледувања кои се добиени од реализација на Националната програма во која се вградени интелектуално-сознајните и менталните потенцијали на детето од осуммесечна до шест годишна возраст и позитивните ефекти од реализација на проектот "Чекор по чекор", како и од проектите "Граѓанско образование" и "Инклузија на децата со посебни потреби".

**Програмата се темели на следниве принципи:**

- Принцип на демократичност (почитување на другиот-основа на деморатските основи на воспитно- образовниот процес).

- Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес (отворен кон сите иснтитуции во кои живее детето, се развива и комуницира.)

- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите помеѓу децата и принцип на мултикултурализам (еднакви услови за оптимален развој на секое дете).
- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој .

- Принцип на целосност и интегритет (потреба од воспитно-образовно дејствување на целокупноста на детската личност).

- Принцип на индивидуализација (следење на индивидуалниот развој на детето и усогласување на воспитните интервенции со детските карактеристики и специфичности).

- Принцип на живост (организирани животни ситуации а со цел добивање на животни искуства).

- Принцип на критично вреднување и принцип на активно учење (постојана евалуација на воспитно-образовната работа).

Во Годишната програма главна определба е професионален пристап кон раното згрижување, воспитување и образование, како прв дел и темел на згрижувачко-воспитниот систем, почитување и градење на детската личност и градење партнерски однос со родителите.

## 1.1 ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

- Појдовни основи за изготвување на Годишната програма на Јавната детска градинка "Весели Цветови" на општина Кисела Вода во град Скопје, за 2013/2014 година се:

- Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр. 170/2010, пречистен текст); - Статутот на Јавната Детска Градинка "Весели Цветови" - на општина Кисела Вода во Град Скопје;

- Програмската структура на воспитно-образовната дејност заедно со Плановите и Програмите за одделните воспитно-образовни подрачја, изготвени од Бирото за развој на образованието;

- Основи на Програмата за воспитно образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки ;

- Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 год. возраст-документ

изработен од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија;

- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини;

- Нови форми и содржини за опфат на децата заради правилен психофизички развој на децата од непосредната околина, што не се опфатени со постојани форми на згрижување, воспитание и образование;

- Позитивните искуства и резултати што ги постигнала детската градинка во изминатиот повеќегодишен период на полето на воспитно-образовната работа.

## 1.2 ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Во севкупната активност градинка и оваа учебна година ќе поаѓа од следните цели:

- Згрижување и воспитување на децата во градинката како институција, која со своите активности, претставува само продолжување и дополнување на семејното воспитување;

- Хуманистички приод во сфаќањето на природата на детето и неговиот физички и духовен развој, како физичко, сознајно и социјално суштество;

- Поттикнување и развој на способностите за самостојно учење, работа и креирање како подготовка на детето за училиште и неговото понатамошно образование;

- Ублажување на социјално и културно-економските разлики помеѓу децата запишани во градинката;

- Обезбедување услови за престој, воспитна грижа и соодветна корективна помош на деца со лесна ментална и телесна попреченост, а на талентираните деца овозможување услови за искажување и развивање на творечките способности;

- Отвореност кон семејствата за соработка, подготвеност за градење на односи на заемна доверба, меѓусебно уважување и поддржување;

- Соработка со локалната заедница заради осовременување на воспитно образовниот процес, богатење на детското социјално искуство, ширење на културните хоризонти, како и создавање соодветни услови за успешно реализирање на институционалното воспитание и образование;

- Реализација на згрижувачката и воспитно-образовната работа, која ќе поаѓа од педагошко-психолошките сознанија за развојот на детето, дефинирани врз основа на вредносните системи, потребите на децата и општествената заедница во која живеат.

## 1.3. ЗАДАЧИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Во склад со своите можности да обезбеди оптимални услови за нормален физички, интелектуален, емоционален и социјален развој за деца од 9 месеци до 6 години односно до почеток во училиште.
- Да обезбеди услови за функционирање на единствениот систем за воспитно образовната работа, негата, исхраната, здравствена и социјалната заштита.
- Во соработка со семејствата и пошироката околина да се подобрат условите за покавлитетен престој во детската градинка
- Да се обезбеди услови за имплементирање на основната програма за воспитно образовна работа
- Да се обезбеди континуирана едукација на стручните служби.
- Да се подобрат условите во затворениот и отворениот простор во кој престојуваат и учат децата.
- Во согласност со можностите на организацијата да се обезбедат дополнители и вонинституционални облици на работа со деца и возрасни (работилници, странски јазик, физичко воспитување и рекреација, детска галерија, балет и др.)

За планско и организирано влијание врз севкупниот развој на детето целите и задачите се систематизирани и се содржани во плановите за работа и тоа, во:

- Годишните планови за работа од објектите во кои се вклучени сите активности што се предвидуваат во текот на годината.
- План за реализација на активности со децата од јаслена возраст.
- План за реализирање на воспитно-образовната работа со децата од градинка.

- Програмските содржини вклопени во рамките на проектите:

  -"Граѓанско образование - пат кон демократско општество".

  -"Интеграциа на еколошка едукација во македонскиот образовен систем",.

  - "Програма-превенција на рамно стопало со Програма на кинезитерапевтски вежби"-подржано од Министерство за труд и социјална политика.

  - Проект "Скопје низ детските очи"- ЈДГ "8 Март" подржано од Биро за развој на образованието.

- Планот за работа на Стручниот совет на Детската градинка .
- Планот за работа на Советот на воспитувачи и за стручно усовршување на воспитувачите.
- Планот за работа на Советот на негуватели и стручно усовршување на негувателите.
- План за соработка со родители.
- План за соработка со основните училишта и пошироката општествена средина.
- План за јавна и културна дејност.

## 2. УСЛОВИ ЗА РАБОТА, ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТНО ВРЕМЕ

### 2.1 Просторни услови и опременост на објектите

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се остварува во четири објекти и тоа:

Табела 1. Површината и капацитетот по објекти

| Објект | Вкупна нето површина | Капацитет на деца | Дворна површина |
|---|---|---|---|
| **Синоличка<br>ул. "Михаил Чаков" бб** | 1009м² | 210 | 2596м² |
| **Кокиче<br>ул. "Ѓорѓи Сугаре" бб.** | 671м² | 90 | 2668м² |
| **Сончоглед<br>ул. "Локов" бб.** | 1523м² | 180 | 2757м² |
| **Мимоза<br>ул. "Огњан Прица" бб.** | 926м² | 140 | 926м² |
| **Вкупно:** | 4129м² | 620 | 8947м² |



Просториите на Управата на се сместени до објектот ”Кокиче", со канцелариски простор за директор, стручните служби, административно-правни и финансиски работи, тековно одржување и обезбедување на објектите, набавка, транспорт, две простории за централен магацин, два санитарни јазли и мала помошна кујна.



Објектот **Сончоглед** изграден е на два ката и располага со соодветни просторни услови, кои максимално се користат во текот на годината. Има осум занимални кои ги исполнуваат критериумите во однос на квадратурата, (просторно се големи). Секоја група има додатна просторија која е наменета за дневен одмор на децата (спална) и тоалети за секоја занимална, кои што исто така ги исполнуваат критериумите за бројот на запишани деца. Во склоп на објектот постои голема сала за реализирање на многубројни активности, за потребите на децата.

Во подрумските простории на објектот е сместена Главната кујна во која секојдневно се подготвува ручекот и дел од ужините за сите четири објекти, односно за сите запишани деца во Установата. Објектот располага со две помошни кујни и една просторија за магацин.

Дел од градинката (117 м2) во 2003 година се одземени од Установата и се во сопственост на МТСП во кои е сместен Дневниот центар за за децата од улица. Објектот располага со голема дворна површина и детско игралиште-донација од компанијата Цементарница Усје.



Објектот **Мимоза** располага со седум занимални од кои една не ги исполнуваат критериумите во однос на квадратурата, и во кои се одвиваат дел од секојдневните активности за децата. Останатите активности се одвиваат во убава, пространа, реконструирана сала за повеќе намени, која се наоѓа во подрумските простории. Објектот располага со две помошни кујни и просторија за магацин, пространа трпезарија за сите деца, во која секојдневно се дели појадок и ручек. Располага со мал двор во однос на квадратурата и број на запишани деца. Имаме сознание дека дел од дворот веќе 30 години е узурпиран од фирма до градинката и сме во процес да го добиеме просторот од 25 метри во ширина и 90 метри во должина.



Објектот **Синоличка** е од монтажен тип, се наоѓа близу до просториите на општина Кисела Вода. Располага со десет занимални, четири големи и четири релативно мали занимални во однос на бројот на запишани деца и уште две простории преадаптирани за занимална.

Постои адаптиран простор за фискултурна сала за реализирање на активностите по физичко воспитување и за други активности во текот на годината. Располага со помошна кујна и мала простор за магацин. Во објектот има три тоалета за сите деца. Објектот располага со голема и соодветна дворна површина за реализација на дел од секојдневните активности за децата. Благодарение на соработката на општината со Светска банка преку Министерство за економија се реализираше Проектот за енергетска ефикасност во градинките и училишта на ниво на општина во кој бевме опфатени со донација на нови прозори на целиот објект, со кои ќе биде потопло и поубаво за престој на децата и нови маски за грејните тела во целиот објект за подобра циркулација на топлината во просториите на објектот.



Објектот **Кокиче** располага со четири занимални, нема јаслен дел и нема сала за активности по физичко воспитување. Објектот располага со помошна кујна и мал простор за магацин. Има голем двор кој еден дел го користат децата а другиот дел се користи за дотур на роба за главниот магацин кој е сместен во Управата.

Во сите објекти има алармни уреди и домофони заради безбедност на децата и објектите. Во согласност со Законот за работни односи во сите објекти се поставени апарати за електронско сметање на работното време.

Доставено е барање до Меѓуопштински центар за социјална заштита и МТСП за добивање на просторот во објект Сончоглед кој моментално се користи за проектот "Прифаќање на деца од улица" како "Дневен центар за деца од улица".

Добиен е одговор дека просторот е во сопственост на Р. Македонија, отстапен ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа.  И покрај негативниот одоговор од МТСП сметаме Дневниот центар дека не е рентабилен и згрижува мал број на деца од улица. Предлагаме да се дислоцира. Наше мислење како градинка е дека Центрите треба да се лоцираат на места кај што има потреба од нив но никако во градинка. Реално просторот многу ни е потребен за да можеме да згрижиме над 50 деца, а со тоа ќе помогнеме на 50 семејства кои се на листа на чекање.

Табела 2. Опременост на објектите

| Објект | Синоличка | Кокиче | Сончоглед | Мимоза |
|---|---|---|---|---|
| скривници | 1 | 1 | 1 | 1 |
| котлари | 1 | 1 | 0 | 1 |
| санитарни чворови | 3 | 1 | 8 | 2 |
| магацини | 1 | 1 | 1 | 1 |
| перални | 0 | 1 | 1 | 1 |
| подруми | 1 | 1 | 1 | 1 |
| кујни | 1 | 1 | 2 | 2 |
| трпезарии | 0 | 0 | 0 | 1 |
| администрат. простор | 1 | 1 | 2 | 1 |
| сали гимнаст. | 1 | 0 | 1 | 1 |
| амбуланти | 1 | 1 | 1 | 0 |
| кабинети | 1 | 1 | 1 | 1 |
| занимални | 10 | 4 | 8 | 7 |

### 2.1.1. Опременост на занималните во јаслите

Занималните во кои престојуваат децата од јаслена возраст во трите објекти, се опремени со мебел, играчки и друг материјал потребен за работа со децата. Тие се опремени со мебел, играчки и други материјали кои се потребни за работа со децата. Оваа година се планира групите да бидат опремени и дополнети со нов игровен и дидактичи материјал и мебел по потреба во сите објекти.

### 2.1.2. Опременост на занималните во градинка

Занималните во градинка се опремени со мебел, играчки и материјали, во согласност со пропишаните нормативи. Оваа година се планира да се набават играчки и друг дидактички материјал за работа со децата. Воспитувачите и негувателите водат секојдневна грижа околу естетското средување на просторот, особено на катчињата кои во овие занимални се различни, според бројот и намената, а во зависност од потребите на воспитната група и афинитетите на воспитувачите. Овие занимални се опремени со соодветен мебел, играчки и друг материјал за работа со децата. Две групи се опремени со основниот Монтесори материјал кој го користат во слободните активности, надвор од предвидената програма. Истите содржат основни материјали од: практичен живот, материјали за сетилата, материјали за математика и дел од основните материјали за јазик и космичко воспитување. Во рамките на слободните активности ќе се имплементираат Монтесори материјалите според сензибилните фази во кои се наоѓаат децата. Воедно, воспитувачите ќе ги применуваат основните принципи за работа. Оваа година се планира сите групите да бидат опремени и дополнети со нов игровен материјал и мебел по потреба.

### 2.1.3. Стручна литература, стручни списанија и списанија за деца

Градинката располага со библиотечен фонд и тоа: литература за деца, прирачници и методики за реализирање на воспитно-образовната работа, педагошка и психолошка литература како и книги од областа на белетристиката. Од детските списанија библиотеката располага со броеви на списанијата: Росица, Развигорче и Другарче. Библиотеката располага и со стручна литература од “Просветно дело” која опфаќа содржини од дидактиката, развојната психологија, музичкото воспитание, ликовното воспитание и содржини од воспитно-образовната практика. Сместена е во Управата, а книгите и оваа година ќе бидат достапни на сите оние на кои што ќе им се потребни за едукација и самообразование. Кабинетите во објекти располагаат со библиотеки со скромен фонд на стручна литература: прирачници, билтени, методики за реализирање на воспитно-образовната работа и педагошка и психолошка литература. Целокупната литература ќе биде достапна до сите вработени и родители кои изразат желба да се едуцираат од соодветната област.

### 2.1.4. Уреденост на дворните површини

Детската градинка располага со 8.847,00 м$^2$ дворна површина. Дворовите во сите објекти редовно се одржуваат и оплеменуваат со насади и дрвца. Максимално се користат секогаш кога дозволуваат временските услови за реализација на активности со децата (игри на отворен простор, прошетки). Во сите објекти има градинари кои се грижат за одржувањето на дворните површини (насади од цвеќиња и трева) и чистење од шут. Оваа година по повод Недела на детето се планира акција со родителите за оплеменување на дворните површини со разновидни цветни аранжмани во сите објект и можност за обновување на цветните аранжмани во зависност од временските услови и трајноста на цвеќињата, а исто така и засадување на нова трева во некои делови од дворовите во објектите.

## 2.2. Организациона поставеност

Во Установата се застапени следниве профили кои ја извршуваат раководната, стручната, административно-техничката и непосредната работа со деца.

Табела 3  Преглед на број на вработени според профил на стручност

| Профил на стручност | Вид на образование | Број на вработени | Работен статус |
|---|---|---|---|
| В.Д Директор | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределено |
| Педагог | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределно |
| Правник | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределно |
| Дефектолог | ВСС/VII 2 | 1 | 1 неопределно |
| Логопед | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределно |
| Економист | ВСС/VII 1 | 1 | 1 неопределно |
| Музички соработник | ВСС/VII 1 | 2 | 1 неопределно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 1 волонтер |
| Главна мед. сестра | ВСС/VI | 1 | 1неопределно |
| Сметководител | ССС | 1 | 1 неопределно |
| Возач | ССС | 1 | 1 неопределно |
| Воспитувач | ВСС/VII 1 | 24 | 17 неопределно<br>3 АПВ<br>2 волонтери<br>2 договор на дело |
| Воспитувач | ВСС/VI | 4 | 4 неопределено |
| негувател | ССС | 40 | 34 неопределно<br>1 определено<br>2 АПВ 1 волонтер<br>2 договор на дело |
| Хигиеничар | ССС | 14 | 6 неопределно<br>2 АПВ<br>1 договор на дело<br>5 волонтери |
| Градинар | ССС | 4 | 4 неопределено |
| Хаусмајстор | ССС | 2 | 1 Неопределно<br>1 Договор на дело |
| Главна кујна | ССС | 4 | 4 неопределено |
| Чајна кујна | ССС | 4 | 3 неопределено<br>1 договор на дело |
| Перач | ССС | 1 | 1 АПВ |
| **Вкупно** | | **108** | **83 Неопределено**<br>**1 Определено**<br>**7 Договор на дело**<br>**8 АПВ 9 волонтери** |

Целта на Установата е да ја подобри квалификацијата и структурата на сите профили кои ја извршуваат непосредната работа со деца. Сето тоа го гарантираат 28 воспитувачи кои завршиле вишо или високо образование со звање професор по Педагогија, воспитувач во предучилишна установа и со дополнителни студии за предучилишна педагогија, 40 негуватели со соодветно средно образование и завршен курс за негувател и стручен тим од 6 члена со вишо и високо образование и завршени магистерски студии.

## 2.3. Работно време на установата

Работното време на детската градинка и оваа учебна година ќе започнува во 6:00 часот и ќе завршува во 18:00 часот. Во рамките на четириесетчасовната работна недела распоредот на работното време за сите извршители го утврдува Директорот на градинката.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА

### 3.1. Организација на животот и работата во детските јасли

Јавната детска градинка "Весели Цветови" на Општина Кисела Вода, во град Скопје, згрижува деца од јаслена возраст во 5 воспитни групи, со вкупно 98 деца.

Табела 4. Број на групи-јасли и број на негуватели

| Објект | Број на групи-јасли | Број на деца во група | | | Број на негуватели |
|---|---|---|---|---|---|
| Синоличка | | 9-12м | 12-18м | 18-24м | |
| | 3 | 14 | 13 | 22 | 7 |
| Мимоза | 1 | 24 | | | 3 |
| Сончоглед | 1 | 23 | | | 3 |
| Вкупно | 5 | 98 | | | 10 |

Работните задачи за нега и грижа, превентивно-здравствената заштита на децата и унапредувањето на хигиено-здравствените услови за престој на децата и воспитно-образовниот дел со деца од 9 до 24 месеци ги реализираат негувателите

Секојдневните работни задачи се однесуваат на:
- Нега и грижа за здравјето на децата (редовен увид во белешките издадени од лекар-педијатар при враќање од боледување, увид во просториите и санитарните јазли, кујната, приборот за исхрана на децата, дезинфекција и дезинсекција на просториите во кои престојуваат децата).
- Поттикнување и стимулирање на развојот на децата.
- Следење на специфичностите за раниот развој до 2 години и индивидуалните потреби на детето.
- Создавање на поволна социо-емоционална клима, подготвување и структуирање на стимулативна средина за задоволување на желбите и потребите на децата
- Во периодот на адаптација планирање на активности кои на детето му овозможуваат полесен престој и побрзо прилагодување на новиот простор, новите лица (негуватели) и деца.
- Посебно негување на индивидуалните контакти низ едноставни постапки, а подоцна вклучување во заеднички начин на работа (игра ).

Основна цел на згрижувачко-воспитната работа ќе биде создавање поволна средина во која детето ќе стекнуваат нови искуства според сопственото темпо на развој. Негувателите ќе ги негуваат, поттикнуваат и оплеменуваат спонтаните изрази на однесување на детето во однос на неговата непосредна околина.
Програмските содржини ќе се планираат и ќе се реализираат низ природни (животни) ситуации почитувајќи ги потребите на децата на соодветна возраст. Во создавањето на поволната воспитна средина посебно место ќе имаат игровните активности со децата, кои на таа возраст имаат воглавно функционален карактер и се однесуваат на манипулирање со предметите заради совладување на одредени

движења, синхронизација на сетилата и движењата, совладувањето на просторот и запознавање со предметите.

- Соработка со семејствата (перманентно информирање за развојот на детето, за организацијата на животот во групата, за активностите кои се реализирани со децата, како и за актуелните прашања и проблеми поврзани со негата и здравствената состојба на децата).

Во текот на годишното планирања зацртани се следниве задачи за развој на децата

- Физичко-сензорниот развој (нега, поттикнување за развој на движења, поттикнување на развој на моторика, стекнување на навики)
- Емоционало-социјалниот развој (поттикнување на различни искуства кај децата, поттикнување на самостојност, поттикнување на сигурност, поттикнување за усвојување на основни начини и правила на однесување)
- Социјалниот развој (поттикнување и негување на природата на децата за истражување, поттикнување на развој и стекнување на различни сетилни искуства, поттикнување за развој на говор и комуникација, проширување и стекнување на нови поими од опкружувањето)

Планирањето ќе се спроведува месечно со насоки за дневно планирање на игровните активности и тоа на две развојни нивоа: за деца на возраст од 8-18 месеци и за деца на возраст од 18-24 месеци. Сите задачи се планираат и реализираат во рамки на секоја воспитна група за која се води посебна документација од страна на негувателот, во која се наведуваат податоци за план за нега, здравсвена заштита, воспитна работа во текот на месецот, соработка со родителите, стручно усовршување.

## 3.2. Организација на животот и работата во градинка

Реализацијата на воспитно-образовната програма со децата од градинка ќе се одвива во 24 воспитни групи. Сите воспитни групи се опфатени со Програмата "Чекор по Чекор", активностите со децата ќе ги планираат тематски, усогласувајќи ги програмските содржини со постоечката програма, а во 2 воспитни групи во слободните активности ќе се реализира Монтесори педагогијата.

Табела бр.5 Број на групи-градинка и воспитно-згрижувачки кадар

| Објект | Број на групи | Вкупен број на деца | Број на воспитувачи | Број на негуватели |
|---|---|---|---|---|
| **Кокиче** | **4** | **109** | **5** | **4** |
| **Синоличка** | **7** | **224** | **9** | **8** |
| **Мимоза** | **6** | **194** | **6** | **6** |
| **Сончоглед** | **7** | **239** | **8** | **7** |
| **Вкупно** | **24** | **766** | **28** | **25** |

Раното детство е период кога децата учат како да учат, по природа тие се љубопитни, сакаат да истражуваат, покажуваат интерес кон сето она што е дел од нивното опкружување, така што сето споменато, за нас како професионалци претставува предизвик и потреба да дадеме придонес и да го унапредуваме пристапот кон учењето кај децата уште од најраната возраст.

Воспитно-образовната работа со деца на возраст од 2 до 6 години ќе се темели на следниве приоритетни задачи:

- Обезбедување на квалитетна воспитно-образовна средина, која ќе ги следи правата на децата, ги почитува нивните карактеристики и потреби, и го ќе го поттикнува нивниот целосен психофизички развој.
- Богатење и поттикнување на детскиот развој со стимулирање на социјалниот, емоционалниот, физичкиот и интелектуалниот развој.
- Обезбедување на услови за проширување на социјалните и когнитивните искуства со кој се ублажуваат социјалните, културните и други разлики кај децата и се поттикнува еднаквост.
- Следење на развојните и индивидуалните карактеритики.
- Создавање на пријатна клима и однос дете-дете, дете-воспитувач, дете-негувател, воспитувач-негувател, воспитувач-родител, негувател-родител, воспитувач-поширока околина.
- Ќе се поттикнува, истражува и унапредува воспитно-образовната пракса.
- Во периодот на адаптацијата и процесот на социјализацијата ќе се применуваат. посебни техники за полесно прилагодување на нови запишани деца.
- Унапредување на воспитната функција на семејството (дополнување на домашното воспитување).

Работа со децата на возраст од 2 до 6 години ја реализира воспитувачот со асистенција на негувателот. Воспитувачот е креатор и истражувач во својата работа. Негова главна задача е на основа на интересите на децата дневно да се планираат голем број на содржини и активности и да им се даде можност за избор на децата. Работата со децата е организира во катчиња во зависност од интересот на децата: литературано, конструктивно, музичко, мирно катче, ликовно катче, манипулативно катче, семејно-драмско катче.
Во сите животни ситуации во детската градинка како спонтани така и планирани активности ќе се поттикнува развојот и растот кај децата, и тоа во 4 подрачја:

-моторен развој,
-социо-емоционален (одос кон себе и однос кон другите),
-когнитивен развој,
- развој на говор, комуникација и изразување (говор, музика, ликовен израз).

Перманентно, ќе се настојува да им се излезе во пресрет на индивидуалните и групните потреби на децата, ќе се применуваат мирни и активни игровни активности во текот на денот, ќе се планираат воспитно-образовни активности и оние кои ќе придонесуваат за релаксација на децата во одредени периоди од денот како и планирање на активности внатре и надвор од занималната.

- При тоа во сите подрачја на развојот кај децата се поттикнува и зајакнува самостојноста и истражувачкиот дух. Низ систем на игри и активности (перцептивни, моторни, истражувачки, здравствено-хигиенски активности) се дава поддршка на секое дете да создаде реална слика за себе. На овој начин се планира кај децата да се поттикнува и развива самодовербата, можност да работат според сопственото темпо, да им се овозможи слободно експериментирање и истовремено учење и осознавање на предметите и појавите од непосредната околина

- Просторно-временските сознанија ќе се реализираат низ откривање и запознавање по пат на набљудување и експериментирање и низ следење на процесите и движењето на појавите во време.

- Ќе се поттикнуваат вербалните способности (проширување на речникот и усовршување на граматичките структури) ќе се поттикнува флуентноста, флекси-билноста, дивергенотото мислење и интелектуалната иницијатива.

- Децата ќе се поттикнуваат на решавање на практични проблеми низ игра и ќе се упатуваат на снаоѓање во ситуации со кои можат да се сретнат во секојдневниот живот.

**Воспитно-образовната работа се реализира по следниот дневен ред:**

| Распоред на дневни активности | |
|---|---|
| **прием на деца и слободни активности** | од 06:00 - 08:30 |
| **утринска гимнастика** | до 8:40 |
| **подготовка за појадок и појадок** | до 9:00 |
| **време за групни активности** | до 9:30 |
| **активности по катчиња** | до 10:15 |
| **прошетка, набљудување и престој на воздух** | до 11:15 |
| **подготовка за ручек и ручек** | до 12:30 |
| **пасивен одмор (спиење)** | до 14:30 |
| **ужина** | до 14:15 |
| **слободни игри** | до 16:30 |
| **заминување на децата** | до 17:30 |
| **средување на занималната** | до 18:00 |

Застапеноста и видот на конкретните задачи и подрачја на развојот се планираат посебно во секоја воспитна група во зависност од потребите и интересите на децата. Изборот на темите, определувањето на развојните задачи, вклучувањето на децата по катчиња, индивидуализацијата и начините и формите на соработка и поширокaта социо-културна средина се одбираат од непосредните искуства на децата, околината, промените во природата и актуелни теми со кои ќе се прошират познавањата на децата.

Основни тематски целини кои се планираат да се реализираат во текот на учебната 2013/2014 година се: "Градинката е како бајка, градинката е наша втора

мајка", " Шарени детски страници", "Временски прогнозер", "Децата се иднината на планетата земја". "Патот на пораките", "Моите вредни рачиња", "Вита вита витамини за здравјето фини", "Се се врти во круг, се тече се се менува", "Мама, тато и јас" "Сонцето извор на живот", "Што се расте", "Минатото, сегашноста, иднината", "Како растам", "Што е убаво, убави нешта"

Наведените тематски целини се реализираат низ планирани и разработени теми, содржини, активности кои ќе бидат дел од активностите на Советот на воспитувачи. Планирањата ќе ја следат возраста на децата, различното ниво на развој, индивидуализираната работа со деца, актуелностите во околината, остварувањето на соработката со родителите и средината. По обработката на секоја тема воспитувачите ќе прават евалуација на реализираните воспитно-образовни активности при што ќе се согледаат проблемите во реализацијата и ќе се даваат сугестии за понатамошната работа.

Воспитувањето и образованието на децата на возраст од 2 до 6 години е продолжение на домашното воспитување и како такво е отворено за соработка со родителите. Воедно, ќе се анализира соработката со родителите и дополнителните активности во групата.

- Слободните активности како форма на посредно воспитно влијание, насочување и следење на детскиот развој се организираат секојдневно, овозможувајќи му на секое дете слободно да игра, да сеизразува како индивидуа, да твори и фантазира, да игра и соработува со другите деца, да ги проверува, потврдува и изградува своите способности и можности и сл. Истите се реализираат во утринските часови, пред и по организираните активности, пред ручекот, попопладневниот одмор, во катчињата, во дворот и на други места (по избор на воспитувачката и децата).

За реализација на активностите со децата во попладневните часови изготвени се посебни планови кои ќе бидат реализирани од страна на негувателите со децата кои остануваат подолго во градинката.

### 3.3. Број на воспитни групи и број на деца

Проектираниот капацитет на Јавната детска градинка "Весели Цветови" на Општина Кисела Вода, во град Скопје, е за 620 деца. Во 2013/2014 година се опфатени 864 деца. Децата се распоредени во 29 воспитни групи, и тоа: - 98 деца од јаслена возраст во 5 воспитни групи; - 766 деца во градинка во 24 воспитни групи.

<table>
<tr><th colspan="5">Објект Кокиче</th></tr>
<tr><th>воспитна група</th><th>норматив</th><th>состојба на 01.09</th><th>ново запиш. деца</th><th rowspan="6">над капацитет 34 деца</th></tr>
<tr><td>2-3 год.</td><td>12-15 деца</td><td>22</td><td>22</td></tr>
<tr><td>3-4 год.</td><td>15-18</td><td>32</td><td>7</td></tr>
<tr><td>4-5 год.</td><td>18-20</td><td>34</td><td>5</td></tr>
<tr><td>5-6 год.</td><td>20-25</td><td>36</td><td>3</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>90</td><td>124</td><td>37</td></tr>
</table>

Табела бр 6. Број на децата и воспитните групи по објекти

| Објект Синоличка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **воспитна група** | **норматив** | **состојба на 01.09** | **ново запиш деца** | |
| **9-12 мес.** | **8-10 деца** | **14** | **14** | **над капацитет 56 деца** |
| **12-18** | **10-12** | **13** | **13** | |
| **18-24** | **10-12** | **24** | **8** | |
| **2-3 год** | **12-15** | **32** | **7** | |
| **2-3 год** | | **33** | **7** | |
| **3-4 год** | **15-18** | **33** | **6** | |
| **4-5 год** | **18-20** | **28** | **4** | |
| **4-5 год** | | **25** | **2** | |
| **5-6 год** | **20-25** | **32** | **3** | |
| **5-6 год** | | **32** | **3** | |
| **Вкупно** | **210** | **266** | **67** | |

| Објект Мимоза | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **воспитна група** | **норматив** | **состојба на 01.09** | **ново запиш деца** | |
| **9-24 мес.** | **10-12 деца** | **25** | **25** | **над капацитет 79 деца** |
| **2-3 год.** | **12-15** | **36** | **8** | |
| **3-4 год.** | **15-18** | **33** | **3** | |
| **3-4 год.** | | **33** | **11** | |
| **4-5 год.** | **18-20** | **34** | **2** | |
| **5-6 год.** | **20-25** | **32** | **0** | |
| **5-6 год.** | | **26** | **2** | |
| **Вкупно** | **140** | **219** | **51** | |

| Објект Сончоглед | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **воспитна група** | **норматив** | **состојба на 01.09** | **ново запиш. деца** | |
| **9-24 мес.** | **10-12 деца** | **20** | **20** | **над капацитет 68 деца** |
| **2-3 год.** | **12-15** | **34** | **7** | |
| **3-4 год.** | **15-18** | **34** | **5** | |
| **3-4 год.** | | **33** | **6** | |
| **4-5 год.** | **18-20** | **30** | **3** | |
| **4-5 год.** | | **32** | **3** | |
| **5-6 год.** | **20-25** | **31** | **11** | |
| **5-6 год.** | | **34** | **0** | |
| **Вкупно** | **180** | **248** | **55** | |

Оваа година  поради голем интерес на родителите за упис на децата во 4 те објекти,  бројот на децата е драстично зголемен, што ги надминува и просторните и материјалните услови за престој. Во објектот Мимоза има просторни услови за згрижување на 140 деца, а оваа година бројката е вкупно 219 деца. Во објект Синоличка капацитетот е за 210 деца а оваа година згрижени се  266 деца.

Во објект Сончоглед  има вкупно 56 ново запишани деца и вкупниот број е 248 деца, а објектот е планиран за згрижување на 180 деца на возраст од 9 месеци до 6 години.  Објект Кокиче со капацитет за 90 деца оваа учебна година згрижи вкупно 124 деца, 34 деца над норматив и капацитет.

Сето ова повелекува ново прашање за доградување на нов простор во сите  објекти, преадаптирање на простории или изградба на нова градинка да се растеретат воспитните групи со  број на деца над норматив.

**Новата учебна година 2013/2014 започнува со вкупно 864 деца**, 211 ново запишани  и вкупно 237 деца над предвидените услови и капацитет за престој на децата во објектите. Доволен показател за континуираната соработката на Установата со родителите и залагањето на целиот кадар за прифаќање на сите оние деца кои навистина имаат потреба од згрижување  во детска градинка.

Табела бр.7  Број на деца на листа на чекање

| **Објект** | **2013го** | **2012год** | **2011год** | **2010год** | **2009год** | **2008год** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кокиче** | 2 | 1 | 4 | 8 | 6 | 2 | 23 |
| **Мимоза** | 1 | 3 | 14 | 15 | 12 | 0 | 44 |
| **Синоличка** | 7 | 19 | 21 | 12 | 6 | 1 | 66 |
| **Сончоглед** | 3 | 6 | 17 | 9 | 9 | 0 | 45 |
| **Вкупно** | 13 | 29 | 56 | 44 | 33 | 3 | 178 |

Од горе наведената табела може да се заклучи дека предучилишното воспитание треба да биде достапно за сите деца а не да е привилегија на одреден број на деца или родители чии деца се згрижени во Установата. Најголем број од родителитена 178 деца кои се на листа на чекање  се во работен однос и потребата од згрижување на нивните деца во нашата Установа им е од посебно значење.

Освен моментот на згрижување се поголем е бројот на родители кои како цел за запишување во градинка ја истакнуваат социјализацијата, учењето и стекнувањето на навики, стимулирањето на развојот и потребата за рано учење  стекнување на знаења. Успешната воспитно-образовна работа е веќе претпознатлива и истакнувана од страна на родителите. Одлуката за избор на градинката од толкав голем број на родители е од голема важност за стимулирање и континуирана дообразба на кадарот. Но сепак неможноста да се излезе во престрет на сите

родители кои чекаат да се ослободи место за успис на нивното дете во саканата градинка е голем проблем за Комисијата за прием на деца во детската градинка.

Најголем број на деца кои се на листа на чекање има во објект Синоличка вкупно 66 деца, од кои само 21 дете родено 2011 година. Не е помал бројот ни во другите објекти, но сепак најалармантна е состојбата со големата листа на чекање на деца родени 2010 година-вкупно 44 деца и 2011 година-вкупно 56 деца.

За состојбата со листата на чекање известени ќе бидат и Одделението за Предучилишно образование во општина Кисела Вода, Градоначалникот на општина Кисела Вода, Министерството за труд и социјална политика .

### 3.4 Јавна и културна дејност

Отвореноста на ЈДГ "Весли Цветови" за соработка и постојаната интеракција помеѓу детето и средината што го опкружува претставува значаен услов за поттикнување на развојот и созревањето на личноста на детето.
Јавната и културна дејност има за цел да придонесе за што поцелосно остварување на програмските задачи, за подобрување на воспитно-образовните резултати, како и за развивање и богатење на општествениот и културниот живот во Установата и во пошироката средина.
Во тој поглед, јавната и културната дејност ќе ја реализираме низ следните форми:

-одбележување на сите поважни датуми и празници,
-со посебна програма ќе се реализира одбележувањето на “Детската недела”,
- учество на ликовни конкурси, детски фестивали и други манифестации
- снимање на радио и ТВ емисии

Исто така, детската градинка ќе земе учество на сите приредби, манифестации, програми и проекти организирани од Општина Кисела Вода и други институции и здруженија.

### 3.5. Соработка со родителите

За што поуспешна комуникација и соработка, партнерство со родителите, а со желба за што подобро запознавање детето и поттикнување на неговиот развој, ќе се применат следниве облици на соработка:

- Родителска средба во сите воспитни групи и јасли, со ставање акцент на родителите на нови запишаните деца (запознавање со програмата за работа, распоредот на дневните активности, информации за престојот, плаќањето на сметките, отсутво од градинка);
- Периодично состанување со родителите на заеднички состаноци со цел известување за плановите за работата со децата и вклучување на родителите во истите).;
- Утрински средби и консултации при прием на дете во градинка;
- Попладневни средби и консултации при земање на детето од градинка;

- Повремени индивидуални средби со родителите за следење на развојот на децата;
- Индивидуални средби со педагогот, дефектологот, логопедот или медицинската сестра;
- Тематски родителски состаноци и едукативни педагошки работилници;
- "Отворена градинка"- активности на воспитувачите, негувателите со децата и родителите низ кои се подобрува меѓусебната комуникација и соработка (родендени, имендени, проекти, активности кои ги водат родителите во соработка со воспитувачот);
- Заеднички активности со другите членови од семејството (брат, сестра, баба, дедо);
- Посета на работно место на родител (стекнување знаења за професии);
- Иницијално интервју со родители при упис на дете во градинка;
- Пополнување на анонимни анкетни листови на почеток и крај на учебната година за следење на квалитетот на воспитно-образовната и згрижувачка работа и добивање на предлози за унапредување на истата;
- "Растеме заедно"-поддршка на децата на возраст до 3 години и нивните родители.
- Заеднички прошетки и дружења , се со цел што поуспешна соработка;
- Давање можност на родителите да донираат се она што би послужило за разубавување на средината во која нивното дете поминува голем дел од денот.

### 3.6. Соработка со основните училишта

Соработката со основните училишта на ниво на општина Кисела Вода овозможува континуирано, систематско влијание врз воспитно - образовното ниво на децата.

За таа цел се планираат следните активности:

- заеднички посети на децата на основни училишта во блиската околина;
- присуство на училишен час, во вид на работилници за деца од 5 до 6 години ;
- планирање на заеднички прослави и приредби по повод разни пригоди;
-заеднички настап на јавни манифестации, изложби и слично;
-средби со наставниците од училиштата со цел запознавање со резултатите и успесите на децата што ги постигнале во текот на учебната година,
-индивидуални средби со воспитувачите и наставниците, со цел запознавање со индивидуалните особини на децата и размена на искуства во врска со планирањето и програмирањето на содржините за реализирање на воспитно-образовната работа со децата од 5-6 годишна возраст;
- перманентна соработка со педагошко – психолошката служба во училиштата.

## 4. Програма за работа на Директорот

Директорот на установата во учебната 2013/2014 година своите ангажирања ќе ги насочува кон целосно реализирање на програмските задачи, а воедно ќе биде и главен организатор и координатор на целокупната дејност на детската градинка.

Директорот работата ќе ја остварува во рамките на законите, задачите и надлежностите кои се утврдени со Статутот и актите на Установата, а ќе биде насочена кон следните подрачја:

### Глобални цели за развој на градинката

Приоритетна цел за која ќе се залага Директорот оваа година ќе биде стучно и ефикасно водење на целокупната работа на Установата од секој аспект, комуникација со Градоначалникот на ОКВ и Министерот на МТСП во однос на изнаоѓање решение за изградба на нова градинка или изнаоѓање простор за прифаќање на што поголем број на деца кои моментално се на листа на чекање, со тоа отворање на нови воспитни групи, нови вработувања и подобрување на стандардот на децата и на вработените во Установата и изнаоѓање спонзорства и донации, кои ќе имаат за цел да го подобрат животот на децата во Установата.

### Основни принципи за развој на градинката

За реализирање на горенаведените цели, како и остварување на целокупната дејност во градинката, Директорот ќе се раководи од следниве принципи, кои ќе бидат приоритет во работењето:

- хармонизирање на работата на кадарот, распоредување на работата и работните задачи и подеднакво оптоварување на вработените.
- поттикнување совесност и одговорност во процесот на извршување на работните задачи од страна на сите вработени, со целисходна и јасна ориентација во остварувањето на дејноста.
- мотивирање на згрижувачкиот и воспитниот кадар, како носители на дејноста, во зголемено ангажирање за постигнување на поголеми резултати во реализацијата на воспитно-образовниот процес.
- максимално искористување на стручните потенцијали на вработените и создавање услови за натамошно стручно усовршување на истите.
- принцип на чесност и работливост во раководењето.
- почитување на детската личност од секаков аспект и забрана на било каков вид на дискриминација на децата кои веќе престојуваат во градинката.
- создавање услови за оптимален развој на детето, на физички, социјален, емоционален и интелектуален план.
- почитување на индивидуалните разлики кај децата во степенот на развој на способностите и интересите.

- создавање на здрава емоционална клима и работна, стимулативна атмосфера меѓу вработените и родителите, кои претставуваат важен партнер и фактор во релацијата дете-градинка.

**Концепциско-програмска работа**

Во однос на концепциско-програмската работа, Директорот ќе ги реализира следниве активности:

- спроведување на мерки за реализирање на Законот за заштита на деца.
- подготвување на Годишна програма и Годишен извештај за работата на градинката и предлагање пред Управниот одбор,подготвување и на други видови програми и планови, и утврдување проекции за развој и работа на градинката и преземање мерки за нивна реализација.
-учество во изготвување на Финансов план и Финансов извештај и предлагање до Управниот одбор, Советот на Општина Кисела Вода, Министерството за труд и социјала и Министерството за финансии.
- непосредна контрола и примена на мерките за заштита при работа, предвидени со закон и обезбедување услови за поголема безбедност на децата и вработените во Установата.
- обезбедување услови за организација на правилна исхрана на децата, поаѓајќи од енергетските потреби и нормативите предвидени од Заводот за домаќинство на РМ.
- обезбедување кадровски услови за нормално одвивање на дејноста во текот на годината.
- Редовно учество на седници на Управен одбор во однос на негово информиање за состојбата и застапувајки ја Установата, реализирајќи ги одлуките и заклучоците, донесени по разни основи;
- Редовна контрола над работата на административно-финансиско работење на градинката;
-Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирање на Планот за јавни набавки во Установата;
- Следење, контрола и надзор при изготвување на исхраната за децата, планирање на листата за јадење, контрола на артиклите од кои таа се подготвува;
- Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко-воспитната работа со децата;
- Непосредно учество во комисиите и директна реализација на Програмата за тековно и инвестиционо одржување, со цел да се подобри безбедноста на објектите и престојот на децата во нив;
- Надзор и контрола врз работата на сите вработени со донесување на соодветни одлуки решенија и наредби со кои се решаваа определени прашања, права и одговорности на вработените;
- Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;
- Следење и евалуација на работата на одговорните воспитувачи во објектите и стручна поддршка во дадена ситуација;

- Активно ангажирање во насока на афирмирање и презентирање на Установата пред надворешната јавност, како пример за успешна и добро реномирана градинка во градот, Републиката и надвор од неа;
- донесување одлуки и решенија согласно Законот за работни односи и Законот за јавни службеници.
- создавање услови и материјални средства за реализирање на програмата за тековно и инвестиционо одржување.
- Редовна контрола над работата на административно-финансиско работење на градинката;
- Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирање на Планот за јавни набавки во Установата;
- Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко-воспитната работа со децата. Перманентно иницирање и споредување аналитики од најразличен тип со цел, следење на состојбите и новонастанатите ситуации. Подготвување извештаи и информации до органот на управување и други државни органи и инстутуции .
- Раководење и организирање на подготовките од областа на одбраната.

**Непосредна работа со стручните органи во градинката**

Работата со стручните органи ќе ја реализира перманентно со планирање и програмирање на работата на: Стручниот совет, Совет на воспитувачи и Совет на негуватели.

**Аналитичко-студиска работа**

Аналитичко-студиската работа ќе ја реализира со:

- анализирање и проучување на глобалните планирања на ниво на градинката.
- изготвување на анализи, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализација на програмата за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание и образование.
- следење и анализа на месечната потрошувачка за исхрана на детето, со цел да се утврди цената на чинење на услугите за престој на детето во установата.
- следење, и анализа на табели и прегледи за бројот на запишани и отпишани деца, присуство и отсуство на децата, и исполнетост на капацитетот по објекти со предлог мерки за евентуални корекции во однос на одржувањето на бројната состојба на децата по воспитни групи.
- следење и навремено уочување на потреба од евентуални промени на ка-дарот, со цел да се придонесе за нормално извршување на работата и подобрување на резултатите во работата.
- упатување и оспособување на воспитувачите, стручните работници и стручните соработници за аналитичко студиска работа.

**Соработка со родителите**

Вклучувањето на родителите во Советот на родители и непосредната сора-ботка би се одвивале на следниов начин:

- Редовна комуникација со родители на децата кои престојуваат во Установата преку индивидуални разговори, присуство на родителски средби групни средби, едукативни средби и други форми на соработка;
- вклучување на родителите во соодветни активности во градинката заради подобрување на работа.
- иницирање и организирање на општи родителски средби.
- советодавна работа со родителите на децата кои престојуваат во градинката. (информации,разговори,искуства и друго)
- организирање стручни средби со родителите на децата од градинката, со цел да им се дадат насоки за правилно воспитување и одгледување на нивните деца во семејството.
- прифаќање предлози, спонзорства и донации од родителите - подобрување на квалитетот на комуникацијата воспитувач-родител, негу-вател-родител, вработен-дете, со цел да се создаде меѓусебна доверба и сигурност.
- воспоставување партнерски однос со родителите и нивно поактивно вклучу-вање во реализацијата на програмата;

**Соработка со организации и институции во однос на афирмација на градинката пошироко**

Интензивирањето на соработката со организации и институции за афирмира-ње на градинката ќе се реализира со:

- организирање соработка на детската градинка со други стручни органи и институции од градот, државата и надвор од неа.
- интензивирање и непосредна соработка со Локалната самоуправа на Општина Кисела Вода, Градоначалникот, Советот на ОКВ и Раководителот на сектор, поради успешно остварување на основната функција на градинката и подобрување на условите за престој на децата во неа.
- непосредна соработка со МТСП
- непосредна соработка со Бирото за развој на образованието на РМ, во рамките на реализација на воспитно-образовните содржини:
- соработка со Филозофскиот и Педагошкиот факултет - соработка со предучилишни установи во државата и пошироко.
- соработка со организации и институции од областа на воспитанието и обра-зованието, науката, здравството, социјалните дејности, стопанските субјекти, медиу-ми и слично.

**Приоритети во остварување на дејноста**

За успшно остварување на Планот и Програмата за работа и развој на градинката Директорот редовно ќе ги следи промените на Законот и реформите во системот, запознавајќи се со законските регулативи.

Приоритетна задачи во оваа година ќе бидат:

- Создавање позитивна клима во колективот
- Создавање услови за тимска работа која е неопходна во процесот на секојдневното планирање и работење
- Создавање на подобри услови за непречен раст и развиток на децата
- Јакнење на чувството на сигурност и стабилност на вработените во реализација на работата и работните задачи
- Непосредна соработка со родителите, кои во установата би партиципирале со своето време, идеи и можности за изнаоѓање заеднички решенија за успешно остварување на дејноста.
- Непосредна организација на процесот на работа и соработка со одговорните воспитувачи, работниците во администрацијата и сметковоството, вработените по објекти, родителите и другите соработници со кои детската градинка ќе соработува во текот на целата година;
- Непосредно соработка со Советот на родители;
- Непосредно соработка и координација со стручните работници и соработници во рамките на остварување на дејноста;
-Следење и извршување на одлуките на органот на управување;
- Следење и спроведување на нормативната дејност во детската градинка;
- Интензивирање на средби и соработка со Советот на Општина Кисела Вода и Градоначалникот со цел да се запознаат со целокупната дејност и помогнат во изнаоѓање можни решенија во разрешувањето на конкретни проблеми и придонесат во реализирањето на потребите од промени во современиот развој на дејноста на градинката.

-Евалуацијата на целокупната работа во оваа година ќе биде примарна задача во секојдневното работење на Директорот. Со евалуацијата и самоевалуацијата на резултатите и достигнувањата при реализирањето на дадените активности ќе се согледуваат придобивките и навремено ќе се предвидуваат потребите од корекции во работењето и раководењето.

Директорот својата умешност за менаџирање, способноста за организирање и координирање на сите процеси во градинката, способноста за успешно решавање на проблемите и донесување на соодветни одлуки, ќе ги искористи за организирање, следење и координирање на целокупната дејност во детската градинка.

## 4.1 Програма за работа на педагогот

Програма за работа на педагогот за 2013/2014 се темели врз Програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во Јавните детски градинки, одобрена од Управниот одбор а усвоена од Советот на Општина Кисела Вода во координација со Бирото за развој на образованието и Министерството за труд и социјална политика.

Педагогот како насочувач и координатор на педагошката работата во Установата, оваа година ќе даде свој придонес за реализирање на целите и задачите за предучилишното воспитание и образование, тргнувајќи од современите научни сознанија и конкретните услови, унапредувајќи го воспитно-образовниот процес.

Со оваа Програма посебно внимание ќе насочи кон планирањето и реализацијата на воспитно-образовната работа во однос на:

- Едукација и конкретни насоки на воспито-згрижувачкиот кадар, за осовременување и подобрување на воспитно образовниот процес;
- Инструктивна работа на кадарот во непосредната работа со децата и унапредување на истата;
- Увид во секојдневната работа на воспитно-згрижувачкиот кадар, за да може континуирано да го следи напредувањето во познавањето на дадена тема кај децата;
- Следење и унапредување на документација и евиденција која претставува законска обврска за секој воспитувач и негувател;
- Соработка со родителите и пошироката средина во секој поглед по разни поводи и ситуации кои ше произлезат во текот на годината;

**Активностите ќе ги реализира преку следните подрачја на работа:**

- Учество во организирање и планирање на воспитно-образовната работа.
- Педагошко-инструктивна работа за унапредување на дејноста.
- Следење на воспитно-образовната работа и нејзино реализирање.
- Иновации во воспитно-образовната работа.
- Учество во работата на стручните органи и едукација на вработените.
- Аналитичко-истражувачка работа.
- Соработака со родителите и пошироката средина.
- Водење на документација и евиденција.

**Учество во организирање и планирање на воспитно-образовната работа ќе се реализира преку:**

- учество во изготвување на Годишниот Извештај за 2012/2013 и Годишната програма за работа на Установата за 2013/2014 година ;
- учество во изработка на Програма и планови за работа на Стручниот совет, Советот на воспитувачи и Советот на негуватели,

-перманентно планирање и изготвување на материјали за стручно усовршување на кадарот и евалуација за реализираната работа;

-организација во однос на тематското планирање по месеци и изработка на летни проектни активности;;

**Педагошко инструктивна работа за унапредување на воспитно-образовната работа ќе се реализира преку:**

- планирање на воспитно- образовната работа со воспитувачите и изнаоѓање современи теми за реализација во текот на целата учебна година со секој актив во секој објект на Установата;
- планирање на згрижувачко-воспитната работа со негувателите во јаслените групи и изнаоѓање соодветни содржини во тековната година со секој актив на негуватели во секој објект на Установата;
- следење, имплементирање и унапредување на воспитно-образовните цели кои ќе бидат од примарно значење првенствено за децата кои оваа година ќе ја посетуваат градинката;
- насоки за користење на одредени дидактички материјали и литература во работата со децата од страна на воспитувачите и негувателите за поуспешно реализирање на Програмата предвидена за оваа учебна година;
- предагошко инструктивна работа која ќе се темели на советодавна конструктивна и континуирана работа со воспитно-згрижувачкиот кадар за поуспешно унапредување на воспитно-образовната работа и правилно насочување на нивниотличен и професионален развој;
- насоки и инструкции за водење на предагошката документација и евиденција од страна на Стручните служби, воспитувачите и негувателите, со посебен осврт на новите вработени кои немаат доволно искуство во тој однос ;
- учество во изборот на содржини , активности и соодветна стручна литература за реализација на воспитно-образовна работа со децата на месечно и дневно ниво по потреба;
- советодавна и менторска работа со новите воспитувачи, негуватели, студенти и практиканти во однос на воведување во работата со децата .

**Следење на Програмата за воспитно-образовната работа ќе се реализира преку:**

- следење на работата на воспитувачите и негувателите преку непосредно присуство во групите во време кога се реализира воспитно-образовната и згрижувачката работа со децата;
- следење на адаптацијата на новозапишаните децата во групите по објекти и давање конструктивни забелешки за подобро прифаќање на градинката од страна на децата и родителите;
- следење на децата со пречки во развојот и перманентна консултација и соработка со дефектологот и логопедот за подобрување на нивната состојба;
- следење на децата по барање на родител, во конкретни ситуации или заради промена на однесувањето во даден момент, или отпор за прифаќање на програмата која перманентно ќе се одвива ;

-следење и систематско набљудување на децата во сите воспитни групи;

- следење на месечната и дневната педагошката документација и евиденција од страна на кадароти давање сугестии за нејзино подобрување ;

- следење на условите во кои децата престојуваат и грижа за нивно подобрување пеку понуда на идеи во соработката со Директорот на Установата.

-стручна соработка со Директорот на Уатановата.

**Иновации во воспитно-образовната работа ќе се реализираат преку:**

-изнаоѓање на современи воспитно-образовни теми и материјали за воспитниот и за негувателскиот кадар и настојување за нивна непосредна примена со децата;

- орaганизирање и учество на предавања, семинари и работилници на разни теми во Установата кои ќе придонесат за поголемо искуство и креативност кај вработените во процесот на секојдневната работа;

- изработка на инструменти за истражување со децата преку изнаоѓање и примена на соодветна литература за дадената возраст;

- учество во организацијата за воведување на вонинституционални форми на работа во Установата по барање на родителите;

- учество и организација во спроведување на проектни активности од страна на воспитувачите по сопствен избор во текот на годината;

- унапредување на своите сознанија со користење на стручна литература од областа на педагогијата која што ја поседува Установата.

Перманентна лична евалуација и самоевалуација на постигнатите резултати во текот на годината.

**Учество во работата на стручните органи и едукација на вработените ќе се реализира преку:**

-Континуирано учество во изнаоѓање соодветни материјали во однос на работата на стручните органи (Стручен совет, Совет на воспитувачи, Совет на негуватели, активи на воспитувачи по објекти) со соодветна едукација на вработените;

- организирање и учество на семинари предавања и работилници во Установата со воспитно-згрижувачкиот кадар, со однапред предвидени теми;

- учество во семинари, предавања, работилници, средби и состаноци надвор од Установата по покана на соодветната институција;

- изработка на прегледи, информации, извештаи и предлог мерки за реализирање на целокупната воспитно-образовна работа, заради поголема ефикасност во работата.

**Соработка со родителите и пошироката средина ќе се реализира преку:**

-непосредни средби и индивидуални разговори со родителите, со цел подигање на свеста за правилно одгледување и воспитување на своите деца ;

- учество при планирање и организирање на групни и индувидуални состаноци со родители ,за промовирање на градинката и на Програмата за работа

од страна на воспитувачите и негувателите ;

- индивидуални разговори со родители заради упис, проблем или совет во дадена ситуација во текот на целата година ;

- организирање на предавања и работилници посветени на семејството и презентирање на истите со проблематика која во даден момент е потребна на група родители или на самите родителски состаноци пред поголем аудиториум ;

- создавање на услови и организирање за вклучување на родителите во дадени активности по разни поводи и разни ситуации, користејќи ја нивната креативност, дарежливост,инвентивност и способност за соработка;

- изнаоѓање на нови форми на соработка со родителите, по наша и нивна иницијатива за поуспешно реализирање на Програмата;

- соработка со Секторот за образование, предучилишно воспитание, култура и спорт на Општина Кисела Вода во однос на советодавна и конструктивна работа ;

- соработка со предучилишните установи од градот Скопје и пошироко;

- соработка со основни училишта на просторот на Општина Кисела Вода и пошироко;

- соработка со културни институциии во градот и организирање разни посети по разни поводи;

- соработка со невладнини организации, други институции и асоцијации и организирање средби и посети со цел унапредување на дејноста.

**Водење на документација и евиденција**

- водење на редовна и тековна контрола на педагошката документација за работата ќе преставува примарна задача, заради евиденција на реализираните активности ;

- водење на документација за стручната литература во матичната библиотека и библиотеките по објекти и континуирано надополнување на истата;

- континуирана евидеција на реализацијата на Плановите за воспитно-образовната работа по објектите од страна на кадарот и евалуација на истите;

-постојано анализирање и евидентирање на тековната работа со деца,

-водење евиденција за информации и извештаи од истражувања и согледувања во текот на целата година;

-правење писмен извештај за сопствената работа и евалуација на истата.

Стружно усовршување на тема:

-"Организацијати и ефективност на квалификационата дејност во детската градинка"

-"Вреднување на воспитно-образовната и згрижувачката работа во детската градинка"

## 4. 2 Програма за работата на дефектологот

Во редовните воспитни групи во ЈДГ "Весели Цветови" со процесот на инклузија на децата со пречки во развојот вклучени се вкупно 13 деца со пречки во развојот и тоа:

-назадување во развојот (2 деца), оштетување на слухот, дисхармоничен развој, развојна дисфазија (2 деца), успорен психмоторен, социоемоционален и когнитивен развој, аутистичен спектар на однесување (2 деца), хиперактивно однесување, церебрална парализа (2 деца) и retardatio motorica.

| **Возраст** | **Објект Кокиче** | **Објект Синоличка** | **Објект Сончоглед** | **Објект Мимоза** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2-3 год. | / | / | / | | / |
| 3-4 год | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| 4-5 год | / | 3 | 1 | | 5 |
| 5-6 год | / | 2 | 1 | | 4 |
| 6 год | / | / | 1 | 1 | |
| Вкупно | 1 | 6 | 4 | 2 | 13 |

Основна цел на процесот на инклузија е нудење на правовремена едукација и рехабилитација на децата со пречки во развојот, со цел за што полесно вклучуваење ва секојдневните активности. Дефектологот ја следи хуманистички-развојниот пристап со послебно истакнување на начинот на индивидуална работа.

Работата на дефектологот за учебната 2013/2014 година ќе биде организирана на следниот начин:

-**Учество во организациони активности** (вклучување во работните состаноци, Стручен совет, Совет на воспитувачи, Совет на негуватели, Комисија за прием на деца)

-**Водење на педагошка документација** (изработка на Годишен План за работа на Установата, Годишен План работа на дефектологот, месечен извештај, Годишен извештај, Дневник за работа, изработка на индивидуален развоен план за секое дете со пречки во развојот, планирања, евиденција и согледување на реализацијата на активностите со децата со пречки во развојот, евалуација на индивидуалната програма, извештаи и анализи за потребите на Установата)

-**Реализирање на индивидуален третман со деца со пречки во развојот** (рана детекција, препознавање, следење на процесот на адаптација и одделување од родителите, следење на развојот на децата, процена на процесот на социјализација, стимулација, развоен статус и напредување на детето, како и на другите деца во групата. следење на ефектите од вклученоста во активностите во групата, избор на мотиватори во склад на индивидуалните потреби на детето, реализирање на групни активности во воспитните групи)

Воспитно образовната работа со деца опфаќа:

- Едукациско-рехабилитациска непосредна работа со децата со пречки во развојот во воспитните групи.
- Индивидуален дефектологшки третман

Непосредната работа со деца во воспитните групи се темли на примената на современите методи и програми на работа како што се: програма за сензона интеграција, основна перцептивно-моторичка стимулација, програма за стимулирање на говорно-јазичниот равој, рехабилитација со помош на движење и др. Главна цел е подготовка со учење на вештини за активно вклучување на детето во сите активности на градинката и надвор од неа (прослави, приредби, излети и др) заедно со децата од групата.

Индивидуалниот дефектолошки третман е во насока на континуиранта стручна работа со почитување на интерсите и потребите на секое дете. Со континуирано и осмислено поттикнување на моторениот, социо-емоционалениот, когнитеивениот развој и развојот на комуникативни вештини.
За секое дете ќе се води досие со индивидиаен развоен план кој по потреба ќе се надополнува месечно, на три или шест месеци. Исто така ќе се следат документите , наодите и мислењата за следење во други институции, резултати од дефектолошка дијагностика и др. медицински наоди и мислења.

**- Соработка со родителите** (Иницијално интервју при упис на деца во градинка, со цел добивање на информации за можни потешкотии во развојот, индивидуална советодавна работа (информации за облици и планови за работа, дневен ритам на активности, информации од следења и индивидуалната работа со децата, насоки за работа во домашни услови, насоки за консултирање на други институции, консултирање на стручна литература), учество на родителски средби, стручни предвања, катче за родители, заеднички дружења. "Ден во мојата градинка"-(присуство на родителот во воспитна група каде престојува неговото дете-сктивно учество и следење на развојот и способностите на своето дете)

-Во насока на задоволување на специфичните потреби на децата со пречки во развојот и нивните семејства, како и следење на стручната теорија и пракса ќе се оствари соработка со локалната заедница и други институции и тоа:
- Завод за ментално здравје, Институт за слух, говор и глас, Дневен центар за церебрална прализа, Филозофски факултет- Институт за Дефектлогија, НВО сектор "Отворете ги прозорците", "Во мојот свет", "Сојуз на дефектолози" и друго.
- **Соработка** (тимско планирање на воспитно-образовната работа, со Директорот, воспитувачот, негувателот, педагогот, логопедот и музичкиот соработник).

- **Стручно усовршување** (одржување на работилници, презентации на актуелени теми за сензибилизација и едукација на воспитнио-негувателскиот кадар на теми: "Аутизам (приказ на случај)", "Тимско следење на дете со пречки во развојот" "Индивидуална работа со дете со хиперактивно однесување" во и надвор од Установата). Учество на семинари, обуки, трибини, работилници и друго.

**Очекувања од реализација на Годишната програма на дефектологот**

За децата со пречки во развојот- подобра социјална интеракција, поттикнување на развојот на детските способности, создавање на чувство на сигурност, задоволство, серќа, развој на спсобности за комуникација, потреба за истражување, подобрување на општиот развој (концентарација, внимание, интерес),

- За децата во воспитните групи- поттикнување на емпатија, помош и надминување на разликите.

- За родителите на деца со пречки во развојот- стекнувањее на позитивни искуства за можностите и способностите на нивното дете, подготовка за заеднички живот со нивните врсници и други луѓе, градење на партнерски однос, нудење на поддршка и охрабрување на родителите за континуриана работа со детето).

- За воспитно-негувателскиот кадар- подобрување на профсионалните компетенции за работа со деца со пречки во развојот и развој на емпатиски однос кон детето и родителот.

## 4. 3 Програма за работата на логопедот

Стекнувањето на способноста на вербалната комуникација или онтогенезата на јазичниот сиситем на комуникација почнува со првиот крик на новороденчето и трае во текот на животот.

Најголемиот дел на говорните пореметувања се јавуваат во најраното детство помеѓу втората и петата година во животот.

Во првата група на најзачестени говорни пореметувања кај децата од предучилишна возраст спаѓа неправилниот изговор на гласовите, односно пореметување на артикулацијата на гласовите (Dyslalia). Артикулативното пореметување може да биде од полесен и потежок карактер.

Дислалиите или артикулативните пореметувања се неможност или неправилност во изговарање на поедини гласови категоризирани во три основни категории омисија, супституција и дисторзија. Дислалиите можат да се јават самостојно и како пропратен симтом на скоро сите говорни пореметувања.Според видот називот на одредени дислалии е интернационален (сигматизам, ротацизам, ламдацизам, тетизам делтацизам итн).

Работата на логопедот за учебната 2013/2014 година ќе се реализира во 19 воспитни групи на возраст од 3 до 6 години по следниот план:

- Запознавање со групата и опсервација
- Откривање и идентификација на деца со говорно јазични пореметувања
- Организирање на непосрена работа со деца
- Тераписка постапка (поттикнување на говорниот развој, третан за неразвиен говор, развој на рецептивен говор, развој на експресивен говор, отстранување

и ублажување на Balbutitio, отстранување и убалажување на ринолалиии корекција на неправиелн изговор на гласовите)

- Запознавање на воспитно-негувателскиот кадар со проблемите во однос на говорно јазичната комуникација и со последиците од јазичното пореметување во однос на психосоцијален и едукативен план.
- Соработка со родителите
- Соработка со стручниот тим ( учество во комисија за прием на деца во ЈДГ, учество во работата на Стучниот совет, стручно усовршување)

- **Превентива, тестирање, дијагностика и рехабилитација на артикулативните проблеми**

- Логопедска превентива се одвива на календарска возраст од 3 до 6 години и вклучува детектирање и откривање на говорно јазичните пореметувања.

-Логопедско тестирање се состои од испитување на патолошкиот изговор,испитување на рецептивниот говор, откривање на јазичната неспособност.

-Логопедска дијагносатика се состои во откривање на причините за настанатите проблема во артикулацијата (високо тврдо непце, расцеп на вилицата, оштетен слух) неразвиена аудитивна дискриманација и дали некој во семејството има неправилен говор). При дијагностиката се зема во предвид и општиот развој на детето, вклучувајќи ги социјалните развојни услови). Таа зависи од општите перцептивно интегративни и моторни способности на секое дете, како и од структурата на неговиот говорен апарат. Ова е важно за планирање на логопедските вежби.

- Логопедската рехабилитација се базира со логопедски активности кои се сосотојат од: индивидуални говорни вежби, групна тераписка работа и креативна говорна работилница.

- Логопедските вежби треба да бидат прилагодени на возраста на децата и не треба да траат повеќе од 20 минути и во зависност од патолошката основа се:

-вежби за еластичност на јазикот, вежби за третман на говорот, вежби за аудитивен развој, вежби за артикулационо стимулирање на гласот, вежби за усвојување и употреба на новиот глас, вежби за аудиолошка перцепција на гласови и следење на говорно јазичната функција.

- Автоматизацијата или функционалната примена на гласовите е процес на усвојување на корегираните гласови со цел за трајно запомтување како најважна цел на логопедските вежби и мора да се нагласи дека овој дел од вежбите е долготраен процес.

Стручно усовршување на воспитно-негувателскиот кадар на тема "Дислалија-најчести артикулативни растројства во предучилишна возраст" и реализирање на логопедска работилница "Си играме со гласовите".

За својата работа ќе се води Дневник за реализирани следења, Досие за децата кои се дел од логопедскиот третман, Месечен извештај и Годишен извештај.

## 4. 3 Програма за работа на главната медицинска сестра

Планот за реализирање на активностите опфаќа три сегменти:
1.Здравствена заштита и превенција
2.Исхрана на децата
3.Едукација

**1. Здравствената заштита и превенција опфаќа:**

- Систематски прегледи на децата со антрополошки мерења на телесна висина, телесна тежина, обем на галава, обем на граден кош, обем на стомак.
- Отварање и водење досие за секое дете во кое се внесуваат сите генералии за детето, состојба при раѓање, минати заразни болести, потешки заболувања, алергии и сл. Се внесуваат податоци за имунизација и се прати состојбата со вакцините.
- Контрола и евиденција на заразни заболувања по работни објекти.
- Соработка со аудиолози од Рехабилитационениот центар за слух, говор и глас-Скопје, а од оваа година и соработка со логопед кој е дел од стручниот тим на нашата установа.
- Соработка со дефектологот кој е исто така дел од стручниот тим на нашата установа
- -Соработка со психологот од Секторот за предучилишно воспитание и развој на Општина Кисела Вода
- Соработка со Заводот за здравствена заштита преку планирање и реализација на систематски прегледи на вработените еднаш годишно за сите вработени освен за вработените во главната кујна и чајните кујни кои задолжително мора да се прегледат два пати во годината.
- Соработка со Заводот за здраствена заштита-Служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација со динамика на реализација на секои 6 месеци, а по потреба и интервентно прскање.
- Соработка со стоматолозите заради поддршка на проектот "Стратегија за орално здравје кај децата од предучилишна возраст"
- Соработка со центарот за јавно здравје
- Редовна контрола на хигиената во работните објектите
- Континуирана контрола не микроклиматските услови во градинката

**2.Исхрана на децата :**

- План за набавка на потребни прехранбени артикли.
- Контрола за исправноста на набавените прехранбени артикли.
- Изготвување месечна листа за јадење.
- Изготвување детална месечна листа за јадење.
- Соработка со Агенцијата за храна.
- Соработка со Дирекцијата за храна.
- Континуирано следење на работата во главната кујна и чајните кујни.
- Контрола на ХАЦЦП евиденцијата.

**3.Едукација**

-Едукацијата опфаќа наменски обуки со машини и средства за одржување на хигиената.

-Едукација на децата во соработка со стоматолозите.

-Едукација на вработените на тема “Алергии во детска возраст”.

## 4. 4 Програма за работа на воспитувачот по музичка дејност

Планот за работа на воспитувачот по музичка дејност со деца од 2 - 5.8 год се базира на повеќе точки.Планот може да претрпи мали промени доколку има потреба од тоа, секако во договор со соработниците. Планирани се следниве активности:

1. Учество во планирање на воспитно – образовната програма
2. Реализација на истата
3. Изготвување на сценарија за различни потреби
4. Работа за деца
5. Соработка со стручниот тим, воспитувачите и сите кои се одговорни околу манифестациите
6. Директно учество во сите манифестации, приредби, јубилеи, настапи
7. Организација на посета на разни културни манифестации, фестивали, приредби и разни музички случувања
8. Организирање проекти по музика како за децата, така и за воспитниот тим
9. Работа со деца со посебни потреби (музико-терапија)

1. Планирањето на воспитно – образовната програма ја организира педагогот во соработка со воспитниот тим. Познавајќи ги потребите и можностите на децата се изготвува план, за секој месец во годината. По тој план работи и воспитувачот по музичка дејност, Зависно од темата, во соработка со воспитниот тим се изучуваат песнички, игри со песна, музички гатанки, бројалки и се што е поврзано со музиката за таа тема.
2. Реализацијата се одвива секој ден во различен објецт. Во зависност од возраста, активноста се одвива различно. Време траењето кај помалите е пократко, а кај повозрасните деца подолго, во зависност од потребите. За подобра реализација потребно е присуство на воспитувачот. Поттикнати од материјалот кој ќе се сработи, се договараат приредби, настапи и сл.
3. Една од најбитните реализации е – изготвувањето на сценарија. Сценарија за разни настани, како Новогодишни, завршни, јубилејни, секаков вид на помали и поголеми приредби, како во градинката, така И за настапи надвор од неа
4. Во текот на наделата, децата материјалот го слушаат на ЦД, или касета, снимени од страна на воспитувачот по музичка дејност. Тука се вбројуваат разни видови музика (песни, игри со песна, бројалки, музички гатанки, музика од цртани филмови, сериозна музика, народна музика, забавна музика, најразлични жанрови музика итн)
5. Соработката со стручниот и воспитниот тим е на високо професионално ниво. Приредбите и сите настани однапред се договараат.Секој објект може да си одбере тема или проект кој ќе го изработи, како на пр.

(дочек на нови другарчиња, испраќање на есен, празникот на мајката, пролетни приредби, планетата земја итн)
6. Директното учество скоро во сите настани на воспитувачот по музичка дејност е видливо. Освен пишувањето сценарија, директно учествува со: свирење на клавир, учество со пеење, претставување на различни музички инструменти,кореографија, итн.)
7. Од можностите на градинката, често се организираат посети на најразлични музички институции, како Македонска Опера и Балет, Филхармонија, Танец, Музичко – Балетскиот училишен центар, и секакви објекти поврзани со музиката
8. Од претходната точка произлегува и изготвувањето на разни проекти по музика и реализација на истите. Тие се добродојдени како за децата, така и за стручниот и воспитниот тим. Се запознаваат со најразлични музички жанрови, музички инструменти, се што е поврзано со музиката
9. Работата со деца со посебни потреби е од посебно значење, а најмногу за самите деца. Музиката кај тие деца предизвикува позитивни моменти. Тие ја чувствуваат музиката на посебен начин и потребно е многу внимание и стпливост за точно да се открие кој вид музика најмногу одговара. Кај секое дете е различно. Често се користи музико – терапијата како основен начин за работа со тие деца. Но, постојат и други начини. Децата сами сакаат да свират, односно импровизираат. Тоа многу позитивно влијае врз нивните чувства, расположението нивниот развој итн.
Тоа би бил овогодишниот план кој секако може да биде подложен на измени

# 5. ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

## 5.1 Годишни планови за работа од објектите во кои се вклучени сите активности што се спроведуваат во текот на годината

### ❁ <u>Во објект Кокиче планирани се следниве активности:</u>

**Септември**

- "Вредните детски рачиња" - ликовна активност на децата и воспитувачите од групата од 2 до 3 годишна возраст
- "Покажи што знаеш!" - квиз натпревар - децата од 5 до 6 години
- "Ова сме ние!" - приредба на децата од 5 до 6 години по повод новата учебна година
- Одбележување на Денот на Независноста на нашата Татковина "8 Септември" - учесници децата од сите воспитни групи
- "Добро ни дојдовте другарчиња" - приредба на децата од 5 до 6 години во присуство на децата од останатите воспитни групи
- Одбележување на "Денот на таткото" - презентери и учесници татковците на Давков Јован и Сашо Живковски, деца од групата од 5 до 6 години.

**Октомври**

- Активности, игри и забава по повод "**Недела на детето**" во сите воспитни групи соодветно возраста на децата:
  - "Трите мечиња" -куклена претстава, група од 2 до 3 години
  - "Подари играчка" - акција на родителите на децата од групата од 3 до 4 години
  - "Детските права" - презентер воспитувач Билјана Брауновиќ пред децата од сите воспитни групи
  - "Вежбањето е половина здравје!" - активност во реализација на Александар Горгиевски, родител на дете од групата од 5 до 6 години
  - Посета на детската амбасада "Меѓаши" - децата од 4 до 5 години
  - "Подарувам од се срце!" - работилница на децата и родителите од групата од 5 до 6 години и изложба на истите
  - Одбележување на "11 октомври" со пригодна приредба - учесници децата од сите воспитни групи

**Ноември**

- Есенски работилници  на децата и родителите од сите воспитни групи
- "Погоди ја бојата" - квиз натпревар помеѓу децата од групата од 3 до 4 години
- Посета на фабриката за здрава храна "Виталиа" - децата од 4 до 5 години
- "Мојот град прославува!" - роденденска торта по повод "13 ноември" роденденот на Скопје - реализатор на активноста Билјана Брауновиќ пред децата од сите воспитни групи
- "Скопје низ детските очи" - квиз натпревар во реализација на децата од 5 до 6 години
- "Ајде драги дечиња земете кошничиња!" - настап на децата од групата од 4 до 5 години пред родителите, по повод испраќањето на есента
- "Плодовите се многу важни!" - приредба на децата од 5 до 6 години пред децата од сите воспитни групи

**Декември**

- " Зимата ладна капут ни скрои, ја обои градинката во Новогодишни бои" - заедничка акција на децата и вработените во објектот, за што поубаво украсена градинка
- "Подготовка за зима" - активност на ниво на објект во реализација на воспитувач Билјана Брауновиќ
- "Вредните раце на бабите" - работилница за изработка на украси , учесници децата и бабите од групата од 5 до 6 години
- "Видов, доживеав, насликав. !" - ликовно ателје на децата од групата од 5 до 6 години

- "Да ја украсиме занималната!" - новогодишни работилници со родителите и децата од сите воспитни групи
- Изработка на новогодишни украси и честитки "Новогодишна бајка"
- Изложба на цртежи пред децата од сите воспитни групи
- "Дојде и тој час, Ни пристигна Дедо Мраз" - музички хепенинг (приредба) пред сите деца во објектот во чест на Нова Година и Дедо Мраз

**Јануари**

- "Христос се Роди" - воспитувачите им раскажуваат на децата за големиот Христијански празник Божиќ
- "Се се врти во круг!" - квиз натпревар помеѓу децата од сите воспитни групи, презентер воспитувач Билјана Брауновиќ
- Драматизација на приказната "Под печурката" - децата од 2 до 3 години
- Посета на печатница "Гераком" - децата од 4 до 5 години

**Февруари**

- Преку видео и аудио записи, запознавање на децата со културното наследство на нашата Татковина - деца од 2 до 3 години
- Предавање за културното наследство на Македонија - предавач родител на дете од групата од 4 до 5 години, етнолог
- "Облеката некогаш и сега" - модна ревија на децата од 3 до 4 години
- "Мисли на иднината, живеј ја сегашноста, не го заборавај минатото!" - приредба во реализација на децата од 5 до 6 години

**Март**

- "Најубав подарок за мама" - работилница со татковците и децата од сите воспитни групи по повод "8 март"
- Приредба по повод 8 март пред децата од сите воспитни групи - реализатори децата од 5 до 6 години
- "Веселите цветчиња Ви се насмевнуваат!" - активност со подвижна игра на децата од 2 до 3 години"
- 3 празници празнуваме, на Пролетта и се радуваме" - приредба поповод роденденот на "Весели Цветови", Денот на Пролетта и Денот на Екологијата
- Модна ревија "Пролет 2014" - учесници децата од сите воспитни групи, водители - воспитувачите

**Април**

- "Бал под маски" - одбележување на Денот на шегата, 1ви Април - учесници децата од сите воспитни групи
- "Сите се радуваме, Велигден го празнуваме" - украсување Велигденски јајца во чест на Велигден и правење изложба од истите - учесници децата од сите воспитни групи

- "Нашиот двор, рајска градина!" - еко акција, учесници децата од поголемите групи
- "Грижи се за цвеќето!" - садиме цвеќиња во дворот на градинката во чест на Денот на Планетата Земја , учесници децата од сите воспитни групи

**Мај и Јуни**

- "Честит Ѓурѓовден" - музички хепенинг во дворот на градинката, учесници децата од сите воспитни групи
- Посета на фабриката за слатки производи "Краш" - децата од 4 до 5 години
- "Да повториме!" - ретроспектива на поминатиот материјал низ прашања и одговори, децата од 3 до 4 години
- Завршна приредба пред родителите на децата од 5 до 6 години

## Планирани активности во Објект Синоличка

### Септември

- ,,Среќен празник татковино моја'' –Пригодна приредба по повод празникот 8 ми Септември реализирана од група од 5-6 години.
- Родителски состанок на сите групи деца во објектот.
- ''Кате и Саше,, -куклена претстава, реализирана од група воспитувачи.
- ''Добро ни дојдовте другарчиња мали,,-приредба реализирана од група 5-6 год.

### Октомври

- Одбележување на детската недела од 01.10.2013 до 04.10.2013 година
- ''Во светот на децата,, -музички хепенинг во паркот Шопен со учество на децата од групите 4-5 год. и 5-6 год.
- ''Уметници сме мали,, -цртање со креди во дворот од градинката со учество на повеќе воспитни групи.
- ''И ние имаме право,, -приредба со учество на децата од група 5-6 години.
- ''Мала олимпијада,, -спортски натпревари на повеќе воспитни групи на градинката.
- ''11 Октомври празник наш голем,,-одбележување на денот на Македонското востание со учество на групата од 5-6 години.
- ''Македонијо за тебе пееме,, -одбележување на 23 Октомври со учество на група 5-6 години.
- Соработка со ЈП ''Комунална хигиена,,-,,Правилно однесување со комуналниот отпад, селекција И рециклирање,,-група 5-6 години.

### Ноември

,,Скопје граду мој "–приредба на група 5-6 години .

- ,,Овошна караница” –куклена претстава реализирана од воспитниот тим на објект ,,Синоличка “.
- Еко акција ,,До почист двор “ учество на децата , вработените и родителите.

**Декември**

- Испраќање на есента под мотото ,,Есента е лична кој ли не ја знае “-приредба на групата 4-5 години .

- Посета на опера и балет – група 5 – 6 години.
- ,,Новата година на прагот” –новогодишно креативна работилница со родителите и децата од група 5-6 години.
- ,,Дедо Мраз кај нас” – театарска претстава реализирана од група воспитувачи од градинката ,,Весели цветови “.
-

**Јануари**

- ,,Македонската традиција и обичаите “-одбележување на Коледе,Бадник и Божиќ.
- ,,Надарено дете “ – теоретско предавање од воспитувач Дејановска Ана
- ,,Музички инструменти “- изработки со отпаден материјал – работилница со родителите и децата од група 5 – 6 години.

**Февруари**

- ,, Снежниот човек и кокичето “-куклена претстава – реализатори воспитниот тим.
- ,,Докторот ни зборува за здравјето “-посета на доктор.
- Еко игри ,,Каде оди нашиот отпад “
- Посета на ЈП ,,Комунална хигиена’ во центарот за селекција на отпад.

**Март**

- Еко работилница ,, Правиме еко модели” –работилница со родители .
- ,,Среќен празник најмила мамо” – учество на сите воспитни групи.
- Еко модна ревија ,,Треш фешн”- реализатори децата 5 – 6 години.
- ,,Роденден , екологија и пролет славиме “- одбележување на роденденот на градинката ,,Весели цветови “.
- Презентација на еко проект ,, Еко-опоменко “- реализација од децата 5 – 6 години со во воспитувачот Јулијана Димитриевска .
- ,, Важно е како да се храниме и само така од болести ќе се одбраниме “- презентација на проект група 3-4 години со воспитувач Жаклина Јорданова .

**Април**

- ,,Априлијада” -Дефиле под маски во паркот Шопен со учество на сите воспитни групи.

- ,,Сите на велосипед “-спортски активности во паркот Шопен
- ,,Ја разубавуваме планетата Земја “-садење цвеќиња во дворот на градинката.
- ,,Велигденски јајца “ –украсување н а велигденски јајца .

**Мај**

- ,,Ѓурѓовден празник цветен “-одбележување на празникот на Општина Кисела Вода .
- ,,Сите на излет “-организирани игри во околината на градинката .
- ,Збогум градинке ,здраво училиште “-учество на двете воспитни групи 5 – 6 години .
- Одбележување на ,,Светскиот ден на детето” со низа музички активности на групите .

## Планирани активности во објект Сончоглед

**Септември**

- Прием на деца во сите воспитни групи– утрински средби со родителите
- “Добро ни дојдовте другарчиња” и одбележување на 8 ми Септември – Денот на независноста на со приредба на големите групи за децата од другите воспитни групи
- “Како Влатко се изгуби”–куклена претстава во која изведувачи се воспитувачите
- Родителски состанок со сите воспитни групи

**Октомври**

01 – 04.10 – Одбележување на Детската недела со повеќе активности

- Квиз натпревар во сала – учесници се децата од сите воспитни групи
- Посета на Природно научен музеј и ЗОО градина-децата од големите воспитни групи
- Донација на детска облека во Центарот за згрижување на деца од улица
- Одбележување на 11 Октомври со положување на цвеќе на споменикот во ОУ “Круме Кепески”
- “Кожувчето на Баба Меца” – театар со сенки од воспитниот тим

**Ноември**

- Куклена претстава “Куќичката на зајачето”-актери воспитувачите
- Одбележување на празникот на Скопје 13 Ноември
- Куклена претстава “Кој е најважен” (овошна расправија)
- Есенска работилница со родителите од сите воспитни групи по повод испраќање на Есента

**Декември**

- Литературно читање на текст “Мојот новогодишен подарок”-активот на воспитувачи
- Тимска работа-изработување на новогодишни честитки
- Дочек на Дедо Мраз и Нова година-забава и дружење
- Донирање на новогодишни пакетчиња на децата згрижени во Центарот за деца од улица

**Јануари**

- Изложба од цртржи на тема : Како ја прославивме Нова година-техника по сопствен избор
- Запознавање со традицијата за одбележување на верскиот празник Бадник и Божиќ и заедничко прославување
- Драматизација наприказната “Кој го украде морковчето на Снешко”
- Зимски радости – игри на снег

**Февруари**

- “Зимска убавица” -ликовна работилница во разни техники и изложба-учесници сите деца од поголемите групи
- Спортски натпревари во сала-натпреварувачи деца од групи со соодветна возраст
- Говорни вежби-погодување на гатанки со натпреварувачки дух.

**Март**

- Изработка на честитки во сите воспитни групи
- Одбележување на меѓународниот ден на жената 8 Март
- Модна ревија со костими изработени од рециклирани материјали (хартија, пластични кеси и шишиња, капачиња, пластична и картонска амбалажа)
- Посета на ДКЦ и посета на Планетариум на децата од големите групи
- Одбележување на денот на “Весели цветови”
- Одбележување на денот на екологијата со работна акција во која ќе бидат вклучени и родителите

-Изработка на пароли за екологија

-Разубавување на дворот на градинката

-Пролетно дружење во сите воспитни групи

**Април**

- Одбележување на денот на шегата со маскембал и модна ревија
- Велигден наш најголем христијански рпазник – преданија
- “Зошто се вапцаат јајца”- украсување на велигденски јајца.
- Одбележување на Денот на планетата Земја-садење на садници во дворот со активно учество на децата од големите воспитни групи.
- Одбележување на Денот на трудот 1 Мај со забава и дружење – децата од големите групи.

**Мај**

- Посета на Општина Кисела Вода и вклучување во сите активности и манифестации по повод Денот на општината
- Посета на училиште – децата од големите групи
- Ликовни работилници за одбележување на Светскиот ден на мајката
- Одбележување на денот на нашите просветители св. Кирил и Методиј - читање на текстови
- Завршни приредби од големите групи на тема “Збогум градинке”

**Јуни**

- Натпреварувачки игри во сала во повеќе дисциплини-учесници децата од сите воспитни групи
- Размена на ликовни трворби – голема група “Сеќавај се на мене”

## Планирани активности во објект Мимоза

**Септември**

- Работен состанок со вработените во објектот;
- Адаптација на новопримените деца
- Консултации за годишниот план за воспитно-образовните и згрижувачките активности;
- Приредба од другарчињата за новите другарчиња " Добро ни дојдовте другарчиња " -приредба од децата од 5 - 6 годишна возраст од воспитувач Емилија Николова;
- Мала приредба по повод празникот на нашата држава " 8 ми Септември " -независност на нашата држава -реализирање од децата 5 - 6 год. возраст и воспитувач Јулијана Илиева;
- Родителска средба со родителите во сите воспитни групи на ден 18. 09.2013 год. во 16 : 30ч.;
- Реализирање на куклена претстава " Дедовата ракавица " - учесници - реализатори воспитниот тим од објектот;
- " Дружење со баба " - баба ни раскажува приказна ( раскажува бабата на детенце од групата од 4 - 5 год. возраст );

**Октомври**

- Секојдневни индивидуални разговори со родителите;
- Одбележување на детската недела;
- Музички хепенинг-со пеење на омилените песнички од детските фестивалчиња-децата од групите од 4 - 6 годишна возраст;
- Цртање со креда на плочникот пред градинката (заедничко дружење на воспитните групи од 3 - 6 год. возраст);
- Спортски натпреварувачки игри со воспитните групи од 3 - 6 год. возраст под наслов "Спортуваме-во здраво тело, здрав дух "

- Драматизација на текстот "Марија и нејзините другарчиња"-учесници воспитниот тим од објектот;
- Посета на културно-историски објект од децата од воспитните групи од 5-6 год. возраст;
- "Должности и права на децата"-квиз игра со воспитните групи од 5-6год. возраст;
- Куклена претстава: " Како Влатко се загуби -реализирана од воспитниот тим од објектот;
- Одбележување на празникот "11 Октомври" -од децата од 5 - 6год. возраст со воспитувач Емилија Николова (пееме песни и кажуваме стихотворби за празникот на народно востание на македонскиот народ);
- Украсување со есенски мотиви " Ни пристигнува златната есен " (акција во украсување на градинката заедно со децата од сите воспитни групи)
- Одбележување на 23 Октомври ден на македонската револуционерна борба -приредба од 5 – 6 год. возраст;
- Проект : "Низ игра, песна, музиката е лесна"-реализатор воспитувач Илилева Јулијана

## Ноември

- Одбележување на " 13 Ноември " роденден на нашиот град Скопје со приредба од воспитната група од 4 - 5год. возраст и воспитувач Искра Давкова;
- Цртаме цртежи и ги изложуваме на изложба со тема :"Мојот убав град Скопје "-учесници -реализатори децата од 3-6год.возраст
- Организирана прошетка на групите од 5-6год.возраст во разгледување на градот Скопје ;
- Куклена претстава : "Здраво живо есенко" - реализатори воспитниот тим од објектот;
- "Есенска работилница"-изработки од есенски листовиплодови (изработуваме со мама и тато);
- Работна акција "Го чистиме нашиот двор од есенски листови" -децата од воспитните групи од 3 - 6 год. возраст;
- " Правиме зимница од зеленчук разен" -мала работилница со нашите баби и децата од 4 - 6 год. возраст

## Декември

- Испраќање на есента "Збогум златна есен " од воспитната група од 5 - 6 год. возраст со воспитувач Емилија Николова ;
- Одбележување на 8 ми Декември-св. "Климент Охридски " - мала приредба од децата од 5 - 6год. возраст со воспитувач Јулијана Илиева;
- Новогодишна работилница " Изработуваме новогодишни честитки и украси и ги украсуваме занималните и новогодишните елки " (дружење на родителите, децата и воспитниот и негователскиот тим од објектот);
- "Дедо Мраз дојде и кај нас" - забава и дружење со децата од сите воспитни групи ;

- Новогодишна претстава - пред децата од сите воспитни групи

**Јануари**

- Изложба на цртежи на тема : "Впечатоци од пристигнувањето на Новата Година " -цртежи од децата од воспитните групи од 3 - 6 год. возраст;
- Одбележување на Бадник и Божиќ-месиме божиќни колачи (работилница со воспитните групи од 4 - 6 год. возраст)
- Куклена претстава: "Снегче снежи снегулко ежи " -реализатори воспитниот тим од објектот ;
- Друштвени игри на снег "Правиме Снешко" - децата од 2 - 6 год. возраст;
- Презентација-обработка на тема со дискусија "Работни навики кај децата во предучилишното воспитание" - презентер воспитувач Габриела Стојановска .

**Февруари**

- Презентација обработка на тема со дискусија: "Семејството и предучилишната установа во улогата на воспитанието и образованието на предучилишните деца "-презентер воспитувач Емилија Николова ;
- Уметнички цртежи на тема " Зима" - изложба од цртежите на децата од сите воспитни групи ;
- Драматизација на текстот: "Разговор меѓу зеленчуците" - учесници децата од воспитната група од 5 - 6год. возраст;
- Квиз натпревар "Покажи што знаеш и умееш" - учесници децата од 4-5год.возраст
- Проект: " Здрава храна и здрав начин на живот " - презентер воспитувач Емилија Николова и децата од 5 - 6год. возраст.

**Март**

- Изработка на честитки во сите воспитни групи по повод " Меѓународен ден на жената "8 - ми Март " -работилница со родителите;
- Приредба по повод празникот на жената " 8 ми Март "-учесници децата од воспитните групи од 5 - 6год. возраст;
- Проект: "Овошје и зеленчук" - презентер воспитувач Орхидеја Трајковска воспитна група од 3 - 4год. возраст;
- " Збогум бела зима, добредојде цветна пролет " - приредба со песнички од детски фестивалчиња -децата од воспитната група од 5 - 6год. возраст ;
- " Садиме садници "-го одбележуваме денот на екологијата -воспитните групи од 3 - 6 год. возраст;
- Одбележување на роденденот на нашата организација " Весели Цветови "- пред гости од други градинки, претставници од општината, родителите и децата од нашиот објект со приредба од децата од 3 - 6год. возраст.

**Април**

- 1-ви Април -Денот на шегата -"Сите под маска"-дружба на децата од сите воспитни групи;
- Драматизацијa : " Кое е најубаво овошје " - реализатори воспитниот тим од објектот;
- Работилница " Најубав велигденски украс и велигденско јајце " - по повод верскиот празник " Велигден " - учесници децата , родителите, воспитниот тим од објектот ;
- Одбележување на " Планетата Земја " - славиме роденден на нашата планета со пеење на веснички и рецитирање на стихотворби за планетата Земја - учесници децата од 2 - 6год. возраст ;
- Натпреварувачки игри во нашиот двор " Кој ќе стигне побрзо " - учесници децата од 2 - 3год. возраст

**Мај**

Го одбележуваме " Денот на трудот " - работна акција во нашиот двор - децата и воспитно негователскиот тим од сите воспитни групи ;

- Го славиме денот на нашата општина со забава и дружење со децата од сите воспитни групи - учество на манифестацијата организирана од општината ;
- Учество на изложбен натпревар со цртежи " Ѓурѓовден " - цртежи од децата од 4- 6 год. возраст ;
- Одбележување на денот на нашите просветители св : " Кирил и Методиј " - читање на текст за просветителите - од воспитувачите пред децата од воспитната група ;
- Завршни приредби по повод тргнувањето во училиште - децата од воспитните групи од 5 - 6год. возраст ;
- Драматизација: " Мојот прв учлишен ден " - учесници децата од 5 - 6год. возраст

**Јуни**

- Светскиот ден на детето 01. 06. 2014год. друштвени заеднички детски игри -децата од 2 - 6год. возраст ;
- Играме игри со спортски реквизити - натпревар во вртење хулахоп и влечење јаже помеѓу децата од 4 - 6год. возраст ;
- " Одиме на плажа " - изложба од цртежи од децата од 3 - 6год. возраст;
- Правиме забава за крај " Играме, пееме и се смееме " - учесници децата од сите воспитни групи ;

### 5. 1. План за реализација на активности со децата од јаслена возраст

Основна задача на воспитно образовната дејност во јаслените групи како и во делот на групите во градинка е "ДА СЕ РАЗВИВААТ И ПОТТИКНАТ СПОНТАНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ДЕЦАТА ОД ОВАА ВОЗРАСТ".

Главните задачи во работењето со децата од јаслените групи во делот кој ги реализираат негувателите се следните:

- нега на децата;
- превентивна здравствена заштита;
- воспитно влијание;
- социо-емоционален развој;
- моторен развој;
- интелектуален развој;
- сознен развој;
- сензомототрен развој
- Негата на децата ќе се одвива континуирано во текот на целата година и се однесува на лична хигиена, хигиена на околината, правилна и редовна исхрана и одмор.
- Активностите кои се планирани за реализирање од страна на негувателите во јаслените групи се континуирани во текот на целиот ден. Слободните активности ќе се одвиваат секојдневно во текот на целата година преку разни видови игри.

При планирање на воспитно-образовната работа негувателите треба да ги придржуваат кон следниве начини на работа:

- со децата треба постојано да се разговара за се она што во моментот се прави;
- задачата што треба децата да ја исполнат треба да им се објасни, поедностави и практично да се покаже;
- на секое поставено прашање од страна на децата треба правилно да им се одговори, а воедно нетреба да се прекинуваат;
- на децата треба да им се помогне при решавање на одреден проблем, а воедно и да се поттикнат самостојно да дојдат до одредено решение;
- децата да се поттикнуваат на креативност;
- реализирањето на активностите треба да биде едноставно, може да се повторува неколку пати, по завршување на активноста материјалот треба да се собере.

Воспитно-образовните активности треба да се реализираат според следниот план
- игровни активности (имитирање и разбирање на говорот);
- индивидуални игри;
- слушање музика;
- имитирање на звуци ;
- извршување на зададени задачи (качување, слегување, протнување);
- гимнастика;
- говорни активности (објаснување на слики, цртежи).

## 5.2. План за реализирање на воспитно-образовната работа со децата од градинка

Воспитно - образовната дејност во градинката ја реализираат воспитувачите со асистенција на негователките, а во консултација со директорот, педагогот, дефектологот, логопедот, музичкиот соработник и одговорните воспитувачи со група на објектите на ЈДГ.

При планирањето на воспитно-образовната работа поаѓаме и од Правата на детето, од особеностите, можностите, интересите ижелбите на децата, а почитуваме и многу други компоненти натематското планирање, како: актуелност на темите, избор на
современи, интересни и квалитетни теми за работа, локалните условиво кои работиме, ситуациите и настаните околу Градинката и детето, семејството, општеството итн.
Оваа дејност, во сите воспитно - образовни групи ќе се планира тематски и ќе се обработуваат теми соодветни на возраста и тоа:

**ТЕМИ ЗА УЧЕБНАТА 2013/2014 ГОДИНА**

| Месец на реализација | Тема | Воспитна група |
|---|---|---|
| Септември | **Градинката е како бајка, градинката е наша втора мајка** | Сите воспитни групи |
| Октомври | **Шарени детски страници** | Сите воспитни групи |
| Ноември | **Временски прогнозер** | ( 4-5 и 5-6 год.) |
| | **Децата се иднината на планетата земја** | ( 2-3 и 3-4 год.) |
| Декември | **Патот на пораките** | ( 4-5 и 5-6 год.) |
| | **Моите вредни рачиња** | ( 2-3 и 3-4 год.) |
| Јануари | **Вита вита витамини за здравјето фини** | Сите воспитни групи |
| Февруари | **Се се врти во круг, се тече се се менува** | ( 4-5 и 5-6 год.) |
| | **Мама, тато и јас** | ( 2-3 и 3-4 год.) |
| Март | **Сонцето извор на живот** | ( 4-5 и 5-6 год.) |
| | **Што се расте?** | ( 2-3 и 3-4 год.) |

| | | |
|---|---|---|
| Април | **Минатото, сегашноста, иднината** | ( 4-5 и 5-6 год.) |
| | **Како растам** | ( 2-3 и 3-4 год.) |
| Мај и Јуни | **Што е убаво, убави нешта** | Сите воспитни групи |

За следење и вреднување на ефектите на воспитно-образовната дејност секој воспитувач ќе води:

- анализа на темата со сите нејзини елементи;
- дневна евиденција за воспитно-образовна дејност;
- систематско следење на децата на почетокот и на крајот на учебната година;
- анализа на психофизичкиот развиток на почетокот и на крајот на учебната година
- годишна анализа ;
- детското портфолијо кое претставува следење на детскиот развој и негово напредување (изработки, анегдотски белешки, што детето самостојно го изработило);

Учењето низ проекти со помош на кој детето истражува определен проблем има огромно значење за детскиот развој, како и за развојот на сите елементи и субјекти во прдучилишниот воспитно-образовен процес. Учењето низ проекти ги почитува детските индивидуални разлики, ги поттикнува индивидуалните потенцијали и можности за учење , создава истражувачки дух и учи како да учи.

**<u>Во текот на учебната 2013/2014 година ќе бидат реализирани следниве прокти:</u>**

**Објект Мимоза**

- "Низ игра, песна и музиката е лесна" - реализатор воспитувач Илиева Јулијана,со децата од воспитна група 5-6 години, реализација Октомври 2013 година

- "Здрава храна и здрав начин на живот"-презентер воспитувач Емилија Николова и децата од воспитна група 5-6 години, реализација 27.02.2013 год.

-" Водата извор на живот "- реализатор воспитувач Ивановска Весна, со децата од воспитна група 3-4 години, дата на реализирање: 20.03.2013год.

- "Овошје и зеленчук " -презентер воспитувач Орхидеја Трајковска воспитна група од 3 – 4 год. возраст

**Објект Синоличка**

-,, Еко-опоменко “- реализација од децата 5 – 6 години со во воспитувачот Јулијана Димитриевска , реализација 27.03.2014 година

- "Важно е како да се храниме и само така од болести ќе се одбраниме “- презентација на проект група 3-4 години со воспитувач Жаклина Јорданова, реализација 31.03.2014  година.

Во текот на годината тимот од воспитувачи ќе реализира и голем број на претстави (куклени, театарски), драматизации и др. пред децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години и  тоа:

<u>Објект  Синоличка</u>

- ,,Овошна караница” –куклена претстава ;
- ,,Дедо Мраз кај нас” – театарска претстава;
- ,,Снежниот човек и кокичето“-куклена претстава.

<u>Објект Сончоглед</u>

- “Како Влатко се изгуби”–куклена претстава ;
- “Кожувчето на Баба Меца” – театар со сенки ;
- “Куќичката на зајачето” -куклена претстава;
- “Кој е најважен” (овошна расправија)-куклена претстава;
- “Кој го украде морковчето на Снешко” -драматизација на приказната.

<u>Објект Мимоза</u>

- "Дедовата  ракавица"- куклена  претстава;
- " Марија  и  нејзините  другарчиња"-драматизација  на  текст;
- " Здраво  живо  есенко "-куклена  претстава;
- "Снегче  снежи  снегулко  ежи "-куклена  претстава;
- " Кое  е  најубаво  овошје " -драматизација;

Следење на театарски претстави од надворешни соработници

Во месец Октомври- "Црниот Лебед"- работена претстава по истоименуваната сказна на Х.К Андресен, Театар Крик

Месец Март- "Солта поскапа од злато"- театарско студио Арт Вени Види

- Соработката со Унија на спортски педагози на општина Кисела Вода продолжува и во иднина со Проктот за бесплатно физичко воспитание на децата на возраст од 3 до 6 години.

## 5.3. План за релизација на проектот "Граѓанско образование - пат кон демократско општество"

Основната цел на Проектот е преку игри и соодветни содржини и активности, на децата во годината пред поаѓање на училиште, сообразено на нивната возраст, да им ги доближи основните принципи на демократијата: авторитет, одговорност, правда и приватност. Промовирањето на граѓанското општество, но и неговото практицирање отпочнува уште во предучилишниот систем на воспитание И образование со што во голема мера се следат европските и светскитетрендови во овој поглед. Предучилишниот систем носејќи се со делот од својата одговорност во поглед на изградба на демократијата и граѓанското општество и по начинот на кој функционира со законска можност неговите врати да бидат отворени за соработка со сите релевантни фактори кои на одреден начин практицираат активна граѓанска иницијатива, но и според други индикатори има голем успех во поглед на воспитувањето на децата во духот на активното граѓанство и изградбата на демократска свест.

Реализацијата на задачите од Проектот ќе се остварува плански, во корелација со останатите содржини од воспитно-образовната работа со децата.
Во месец Октомври со одбележување на "Недела на детето" се истакнуваат детските права и слободи .
Низ темите во "Шарени детски страници", "Децата се иднината на планетата земја", "Патот на пораките", "Што е убаво убави нешта" ќе се истакнуваат главните цели на демократијата: слободата при донесување на одлуки и одговорноста. Низ приказните кои се дел од секојдневната работа и ликовните творби, децата ќе се запознаат и практично ќе ги изразат своите размислувања и чувства. За подоцна да се надополнат со примери од секојдневието кои практично ќе се искористат во играта, комуникацијата и целосното функционирање во детската градинка.

## 5.4. План за реализација на проектот "Интеграциа на еколошка едукација во македонскиот образовен систем"

Цел на програмата е да се започне да се промовира целокупна политика за еколошка едукација и сите активности кои влијаат на подигање на свеста за заштитана животната средина и да се имплементираат во воспитно-образовните активности, низ кои секојдневно ќе се развива свеста на најмалата генерација за екологијата.

**<u>Седум чекори до еко-градинка</u>**

Чекор 1. Формирање на еко одбор

Чекор 2. Анализа на состојбата на животната средина

Чекор 3. Изработка на план на активности

Чекор 4. Следење и евалуација на проктот

Чекор 5. Поврзување на заштитата на животната средина со воспитната програма

Чекор 6. Информирање и вклучување на пошироката заедница

Чекор 7. Изработка на еко-кодекс

**Реализација на точки на акција од еко-стандардите**

-Заштеда на енергија

-Заштеда на вода

- Одржување на зградата и здрава средина во градинката

-Уреден еколошки двор

Во секојдневната работа ЈДГ "Весели Цветови" во воспитните групи ќе воведува дел од девете теми кои се основа за поврзување на праксата со теоријата и доближување на еколошките содржини на децата и тоа:

(Вода, Енергија, Двор, Здрава и чиста внатрешна средина, Отпад, Биодиверзитет, Транспорт, Здравје и Природа).

## 5.5 План за реализација на "Програма-превенција на рамно стопало"

Превентивната здравствена заштита на децата се остварува согласно законските правила и прописи и во корелација со останатите програмски задачи и активности што се реализираат во Градинката,
-Контролата и следењето на здравјето на децата секојдневно ја вршат воспитувачот и негувателот во групата, месечно и по потреба главната медицинска сестра.

Развојот на децата е проследен со бројни промени како кај органите и органските системи така и во нивната целокупна морфолошка структура.

Рамното (спуштено) стапало е најчест деформитет во раната предучилишна возраст и причина за посета на ортопед.

Причина за рамно стапало

- Надворешни и внатрешни фактори како: физичка неактивност, лошо држење на телото, нарушена статика на нозете, болести кои негативно влијаат на локомоторниоат апарат кој на крај се манифестира како телесен деформитет.

Програмата за Превенцијата на рамно стапало ќе се вклопи во секојдневните воспитно образовни активности во воспитните групи на возраст од 4-5 и 5-6 години и тоа низ следниве фази:

- Прва фаза- набљудување на децата кога стои, седи, оди, процена на подвижност на зглобовите низ испланирани динамички игри. Обука на воспитниот кадар

- Втора фаза- изработка на плантограми од стручни лица ангажирани од Министерството за труд и социјална политика. Едукација на родителите, одржување на предавања, работилници и видео презентаци, стимулирање на физичката активност во домашни услови.

- Трета фаза- физичко воспитување во соработка со спортски педагози на ОКВ за изработка на План за физичка активности за правилно држење на телото, зацврстување на мускулатурата и поголема еластичност). Продолжување на активностите во тек на утринската гимнастика со вежби за одење боси на нерамен терен, одење на прсти, пети, фаќање на предмети со стапала и користење на сет за превенција и терапија на рамни стапала од Медикус хелп.

## 5.6. Акционен план за реализација на проектот "Скопје низ детските очи"

| Вид на активност | Носител на активност | Рок | Буџет |
|---|---|---|---|
| 1. Организирање посети на спомениците на плоштадот- Македонија | ЈДГ "Весели Цветови" Воспитни групи на возраст од 5-6 години објект Синоличка | Прва- Септември 2013 наредните Мај 2014година | Сопствени извори Соработка со родители |
| 2. Организирање посети на децата во Музеј на македонската борба | Воспитна група 5-6 год објект Мимоза Воспитна група 5-6 год Објект Сончоглед | Октомври 2013 година | Сопствени извори Соработка со родители |
| -Музејската поставка во склоп на македонскиот народен театар | Воспитна група 5-6 год објект Кокиче | Октомври 2013 година | |
| -Музеј на Мајка Тереза | Воспитна група 5-6 год Објект Сончоглед | Ноември 2013 година | |
| Музеј на градот Скопје | Воспитна група 5-6 год објект Мимоза | Ноември 2013 година | |
| 3. Определување на | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| лице за презентирање на спомениците и музејските поставки на начин на кој ќе бидат разбирлив за децата на пет годишна возраст | Министерство за култура<br>-педагог на ЈДГ "Весели Цветови" | Септември 2013 година | Министерство за култура |
| 4. Поттикнување на децата со помош на воспитувачите виденото го претставаат на сопствени цртежи | -педагог на ЈДГ "Весели Цветови"<br>-воспитувачи | Септември – Ноември 2013 година | Сопствени извори<br>Соработка со родители |
| 5. Организирање на ликовни ателјеа на плоштад Македонија | Во секој од 4 те објекти во воспитните групи 5-6 год.<br>-педагог на ЈДГ | Ноември 2013 година | Сопствени извори<br>Соработка со родители<br>Соработка со ОКВ |
| 6. Организирање на мини детски фестивали песни за градот Скопје | Во секој од 4 те објекти во воспитните групи 5-6 год.<br>-педагог и музички соработник на ЈДГ | Декември 2013-<br>Мај 2014 година | Сопствени извори |
| 7. Организирање на Квизови на знаење во рамките на ЈДГ | Во секој од 4 те објекти во воспитните групи 5-6 год.<br>-педагог на ЈДГ | Октомври 2013<br>Мај 2014 година | Сопствени извори |
| 8. Организирање на ликовни работилници со учество на родители на тема „Разгледница на мојот град„ | Во секој од 4 те објекти во воспитните групи 5-6 год.<br>-педагог на ЈДГ | Веднаш по враќањето на децата во детската градинка | Сопствени извори<br>Соработка со родители<br>Соработка со ОКВ |
| 9. Органзирање на куклени претстави (по содржини изработени од вос.обр.тим на тема „Мојот град„) | Воспитувачи педагог и музички соработник на ЈДГ | Прва до 10 октомври 2013,а следните наредниот месец после секоја посета | Сопствени извори |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. Изложба на цртежи од децата на ниво на ЈОУДГ<br>-прогласување на десет најкреативни цртежи на ниво на градинка<br>- и доставување на истите до МТСП | Комисија формирана од (директор, педагог и воспитувач) | Прва до 20 октомври 2013 следните наредниот месец после секоја посета | Сопствени извори<br>Соработка со родители<br>Соработка со ОКВ |
| 11. Организирање на изложба од МТСП и избор на три нај креативни цртежи | МТСП<br>Комисија формирана од (директор, педагог и воспитувач) | Мај 2014 | Министерство за култура |
| 12. Наградување на најуспешни цртежи прво, второ и трето место | МТСП<br>Комисија формирана од (директор, педагог и воспитувач) | Мај 2014 година | МТСП<br>Соработка со родители |

Проектот "Скопје низ детските очи" ќе се вклопи во тековното планирање за организирање на воспитно образовната работа.

Низ темите "Шарена детски страници" ќе се сликаат посетените споменици, музеи и приказни за старо Скопје и темата" Минатото сегашноста и иднината"децата ќе направат споредба како градот Скопје се менувал низ вековите и годините.

## 5.7. Планот за работа на Стручниот совет на Детската градинка

Стручниот совет го сочинуваат 6 постојани членови директор, педагог, правник, дефектолог, логопед, воспитувач по музичко воспитување и економист и по еден преставник од Советот на воспитувачи и Совет на негователи на ниво на секој објект. Стручниот совет на градинката ќе се состанува еднаш месечно.

Како стручен орган во учебната 2013/2014 година ги планира следните активности:

- Ги утврдува стручните основи за остварување на Програмата за работа;
- Разгледува и усвојува Годишни планови за работа на објектите во кои се вклучени сите активности што се предвидуваат во текот на годината
- Ја утврдува организацијата на работа по објекти на ниво на Детската градинка;
- Усвојува план за реализација на јавна и културна дејност;
- Усвојува план за стручно усовршување на ниво на установа и по објекти;
- Разгледува информации, извештаи и анализи од реализацијата на воспитно-образовната работа со децата.
- Решава прашања од витално значење за градинката и сл.

Работата на Советот ќе биде регулирана со посебен годишен план за интерна употреба.

## 5.8.План за работа на Советот на воспитувачи и за стручно усовршување на воспитувачите.

Советот на воспитувачи го сочинуваат 28 воспитувачи, директорот, педагогот, дефектологот, логопедот и воспитувачот по музичко образование. Еднаш неделно стручниот тим наизменично ќе имаат средби и консултации на ниво на објекти

Тие ќе ги опфатат следните програмски содржини:

- Планирање и програмирање на содржини во рамките на тематското планирање;
- Унапредување на воспитно - образовната работа - иновирање нови форми и методи за работа со децата;
- Изготвување на нагледни средства и материјали за непосредна работа;
- Следење на најновите достигнувања од областа на предучилишната педагогија и развојната психологија;
- Иновирање на модели на воспитно - образовна работа преку интегрирање на содржините, методите и формите на работа со посебен акцент на вкупните развојни потенцијали на детето;
- Планирање на соработка со родителите со цел воспоставување континуитет меѓу семејството и институционалното воспитување на детето;
- Планирање на соработка со пошироката социо - културна средина;
-Планирање и реализирање на содржини за стручно усовршување на вспитниот кадар.

За стручно усовршување на воспитниот кадар по активи, во учебната 2013/2014 год. ќе се разработуваат теми од областа на предучилишното воспитание и образование. Теми одбрани од самите воспитувачи-презентери и стручен тим интересни и доста корисни за нивната работа со деца:

-"**Организација и ефективност на квалификационата дејност во детската градинка**"- презентер педагогот Павлина Карамазова

-"**Вреднување на воспитно-образовната и згрижувачката работа во детската градинка**" - презентер педагогот Павлина Карамазова

- "**Аутизам (приказ на случај)"-**презентер дефектолог м-р Анета Јовансовска,
- "**Тимско следење на дете со пречки во развојот"-**презентер дефектолог м-р Анета Јовансовска,
- "**Индивидуална работа со дете со хиперактивно однесување**"-презентер дефектолог м-р Анета Јовансовска,
- "**Дислалија-најчести артикулативно растројства во предучилишна возраст**"-презентер логопед Наташа Живковска
- Логопедска работилница "**Си играме со гласовите"-** презентер логопед Наташа Живковска
- "**Алергии во детска возраст"**- презентер лекар.
- "**Улогата и значењето на детската литература во развојот на детската личност"** - презентер воспитувач Анета Апостолска

- "**Функцијата на детската игра во физичкиот, интлектуалниот, општествено-моралниот и естетскиот развој на детската личност"** - презентер воспитувач Наташа Поповска

-"**Работни навики кај децата во предучилишното воспитание**"-презентер воспитувач Габриела Стојановска

- "**Семејството и предучилишната установа во улогата на воспитанието и образованието на предучилишните деца**"-презентер воспитувач Емилија Николова

- "**Улогата на слободните активности во работа со деца на возраст од 3 до 4 години"-**презентер воспитувач Орхидеја Трајковска

- ,,**Надарено дете "** – теоретско предавање од воспитувач Дејановска Ана

- "**Социо–емоционален развој кај децата од предучилишна возраст**"-презентер воспитувач Анета Младенова

- "**Значењето на комуникацијата за развојот на човекот"-**презентер воспитувач Станка Баџакова

- "**Првите три години и градинката**"**-**презентер воспитувач Станка Баџакова

- "**Реституцијата како метод на себевоспитување**"**–**презентер воспитувач Фросина Трајковска

-"**Ликовно воспитание во функција на поттикнување и развивање на креативни способности кај детето**"-презентер воспитувач Ивана Богоев

- Современи трендови во воспитно-образовната работа во предучилишните установи-Предлог тема до Одделение за предучилишно образование, спорт и култура на ОКВ.

- Во текот на месец Октомври ќе се изработи и презентира Билтен или Збирка од сите реализирани проекти за учебната 2012/2013 година

Избор и изготвување на Предлог Програма за формирање на работни тимови на воспитувачи во делот, тим за творечка работа, тим за ликовно осовременување на сцена, тим за сценографија, тим за изработка на сценарија, тим за организација на јавни настани.

## 5.9. План за работа на Советот на негуватели и стручно усовршување на негувателите

Советот на негователки го сочинуваат сите 40 негователи, директорот, педагогот, дефектологот, логопедот и главната медицинска сестра.

Во текот на ова година ќе се стави акцент на згрижувачко -воспитен и превентивно - здравствен карактер,

-Посебно внимание ќе се посвети на улогата на негователката во планирањето и реализирањето на воспитно - образовниот процес, како и планирање на работата во јаслите.

Задачи на Советот на негователки во текот на годината ќе бидат следните:
- Преземање мерки за превентивна здравствена заштита на децата
- Грижа околу условите за прием, престој и испраќање на децата;
- Планирање на игровните активности со децата од јаслена возраст
- Континуирано планирање на игровни и слободни активности во текот на попладневните часови.
- Изнаоѓање на практични начини за поттикнување и стимулирање на социо-емоционален, моторен, интелектуален и сознен развој на децата од најрана возраст.
- Стручно усовршување на кадарот и разработка на стручна литература;
- Водење на педагошка документација;

Главни принципи врз кои се темели работата на негувателите во јаслените групи и групите во градинка се следните:
- Создавање на средина во која децата ќе престојуваат и која треба да ја поттикнува нивната љубопитност и да биде во согласност со нивните физички и емотивни потреби.
- Заедничко делување на семејството и предучилишната установа во поттикнување на развојот и раното учење кај децата.
- Почитување на индивидуланите потреби, интереси и можности на секое дете
- Децата најдобро учат преку игра, игарата треба да се прифати како иунструмент за учење.

Стручно усовршување на згрижувачкиот кадар ќе се реализира преку следните теми:
-"**Организација и ефективност на квалификационата дејност во детската градинка**"- презентер педагогот Павлина Карамазова
-"**Вреднување на воспитно-образовната и згрижувачката работа во детската градинка**" - презентер педагогот Павлина Карамазова

- "**Аутизам (приказ на случај)"-**презентер дефектолог м-р Анета Јовансовска,
- "**Тимско следење на дете со пречки во развојот"-**презентер дефектолог м-р Анета Јовансовска,
- "**Индивидуална работа со дете со хиперактивно однесување**"-презентер дефектолог м-р Анета Јовансовска,
- "**Дислалија-најчести артикулативно растројства во предучилишна возраст**"-презентер логопед Наташа Живковска
- Логопедска работилница "**Си играме со гласовите"-** презентер логопед Наташа Живковска
- "**Алергии во детска возраст**"- презентер лекар.
- **" Улогата и значењето на детската игра и играчките за правилен развој на децата** - презентер неговател Брајковска Славица

- "**Играњето е посебен облик на изразување"-**презентер негувател Виолета Periќ

По еден претставник од Совет на негуватели од 4 те објекти ќе присуствува на презентација на проекти.

## 5.10.План за соработка со родителите

Во текот на оваа учебна година во градинката ќе се реализира и овој план како составен дел на целокупната Програма за работа на детската градинка.

**Основни принципи на планот**

- Почитување на семејството како примарен и основен фактор за развој на детската личност;
- Почитување на педагошко-психолошки аспекти на одвојување на детето од семејството;
- Почитување на индивидуалност и интегритет на детската личност;
- Почитување на потребата за педагошко-психолошка едукација на семејството
- Почитување на потребата од усогласување на постапките кај сите воспитно-образовни фактори;
-Почитување на современите тенденции на детската градинка како образовна и воспитно-згрижувачка институција;
-Почитување на Конвенција на правата на детето.

**Форми на соработка на градинката со семејството**

1. Родителски состаноци

- општи родителски состаноци на ниво на објект;
- групни родителски состаноци на ниво на воспитна група;
- родителски состаноци со приредби и работилници.

2 Индивидуални консултации и разговори
а) Средби -закажани поради следните причини:
- за деца кои заостануваат или напредуваат во развојот;
- за деца кои пројавуваат одредени девијантни однесувања;
- за договор за соработка;
- за информации од различен вид.

б) Индивидуални разговори
- ќе се реализираат при секојдневни контакти со родителите за решавање на сличен проблем или прашање од заеднички интерес.

3. Вклучување на родителите во воспитно-образовен процес преку:
а) следење на воспитно-образовен процес од страна на родителите;
б) активно учество во воспитно-образовен процес преку:
- раскажување на случки и приказни;
- презентација на професии преку игри во катчиња;
- гостување-посета на работно место на родител;
- учество во подготовка на материјали за сценарија за приредби, доколку родителот пројави интерес и има афинитети за тоа;
- изработка на играчки;

- вклучување на родителите во одредени едукации за другите родители зависно од нивните професии.

4. Приредби и прослави во кои родителите можат да земат учество **.**

5. Во рамки на неформални средби ќе бидат застапени два вида на комуникација со родителите и тоа:
- катчиња за родители на влезот на градинката;
- разни соопштенија, известувања, информации.

6. Домашни посети на семејствата со цел реализирање на воспитно-образовен процес.

7. Совет на родители го сочинуваат претставници на родителите корисници на услугите на детската градинка и тоа од секој објект по еден.
Советот на родители работи согласно Законот за заштита на деца, Статутот на детската градинка, Програмата за работа и други акти на детската градинка кои се од значење за реализација на дејноста на детската градинка. Советот на родители дејствува во рамките на соработката на детската градинка со родителите заради разгледување на прашања од заеднички интерес на работата на градинката и децата кои се згрижени во неа, како и прашања поврзани со реализација на воспитно-образовната работа со деца.

## 5.11. План за соработка со основните училишта и пошироката општествена средина

Со цел за поуспешно реализирање на целокупната Програма за работа за учебната 2013/2014 година, детската градинка ќе соработува и со пошироката општествена средина.

Соработка со основните училишта на територија на општина Кисела Вода: ОУ "Круме Кепрески", ОУ "Кузман Јосифовски Питу", ОУ "Кирил Пејчиновиќ", ОУ "Невена Георгиева Дуња", ОУ "Партение Зогравски", ОУ "Кузман Шапкарев", ОУ "Кирил и Методиј" и ОУ "Рајко Жинзифов" ќе се реализира преку:

-Реализирање на посети на ученици во детската градинка и децата од детската градинка во училиште;
-Запознавање на децата од воспитните групи на возраст од 5-6 години со просторот, условите и начинот на учење во училиште со непосредна активност "Мојот прв училишен час"- престој на еден училишен час;
- Меѓусебна соработка во реализирање на проекти, истражувачки активности и заеднички активности за зачувување на објектите на градинката и реквизитите во дворот од оштетување, шкртање и друго;
- Реализирање на посети на јубилеи, патронати, стручни усовршувања, групни и индивидуални средби во соработка со директорот.

-Перманентна соработка со педагошко – психолошката служба во училиштата

Соработка со:
- Културни институции: Музеј на Р. Македонија, Музеј на град Скопје, Библиотеки, Д.К.Ц“Карпош“, Природно научен музеј, Планетариум и др.
- Издавачки куќи: Просветно дело, Детска радост и др.
- Медиуми за јавно информирање: МТВ, ТВ-Канал 5, Сител, Алфа и др.
- Училишта и предучилишни Установи во градот и Републиката.
- Министерство за труд и социјална политика и Биро за равој на образованието на Македонија.
- Градоначалник на општина Кисела Вода и Советот на Општина Кисела Вода.
- Педагошки факултет.

- Филозовски факултет - катедра за педагогија, психологија и дефектологија.
- Медицински факултет-катедра за логопедија.
- Завод за ментално здравје и Институт за слух, говор и глас
- Фабриката за здрава храна "Виталија", фабриката за слатки производи "Краш", печатница "Гераком",
- ЈП ''Комунална хигиена во центарот за селекција на отпад'',
- Зоолошка градина.
- Здруженија, асоцијации и други невладини организации.

## 5.12. План за јавна и културна дејност

Табеларен приказ на одбележување на празници и свечености

| Празници и свечености | Активност | Датум / време |
|---|---|---|
| " Добро ни дојдовте другарчиња " | Приредби од воспитните групи 5-6 години | Втора недела во Септември |
| 8 Септември<br>-Ден на независностна Р.Македонија | Приредби од воспитните групи 5-6 години | 1 недела во Септември |
| Недела на детето | Претставиi, музички хепенинг, спортски активности, квиз натпревар со децата ид сите воспитни групи | 01-05.10.2013 година |
| 11 Октомври-<br>Ден на востанието на македонскиот народ | Приредба,пеење песни, положување на свежо цвеќе на биста- сите воспитни групи | 10.10.2013 година |

| | | |
|---|---|---|
| 23 Октомври-<br>Ден на Македонската революционерна борба; | Приредба,пеење песни-<br>сите воспитни групи | 22.10.2013 година |
| 13 Ноември –<br>празникот на градот Скопје | Приредба, роденденска торта за градот Скопје, "Го градиме мојот град"-во Д.К.Ц. Карпош | 12.11.2013 година |
| "Збогум златна есен " – испраќање на есента | Приредби, работилници | Четврата недела од месец Ноември |
| 8 Декември -Ден на Св.Климент Охридски | Приредба | 06.12.2013 година |
| "Дедо Мраз дојде и кај нас"-одбележување на Нова Година и дочек на Дедо Мраз | Приредба од воспитниот тим | Трета недела од месец Декември |
| Одбележување на верски празник Бадник и Божиќ | Работилница, читање на текстови | 03.01.2014 година |
| "8 Март"-Денот на мајката | Приредба, работилница, заедничко дружење | 07.03.2014 |
| 21 Март<br>-"Ден на пролетта",<br>"Ден на екологијата" и Патронен празник на ЈДГ "Весели Цветови" | Приредба, еко модна ревија, изработка на пароли за екологија, разубавување на дворот на градинката, пролетно дружење во сите воспитни групи | 20-21.03.2014 година |
| 1 Април- Ден на шегата | Маскембал и модна ревија Дефиле на маски | 01.04.2014 година |
| Одбележување на верскиот празник Велигден | Работилници, приредби, раскажување преданија, | Втора недела од месец Април |
| 22 Април-<br>Ден на планетата земја | Садење цвеќиња и садници во двор, спортски активности , пеење и рецитирање песни | 22.04.2014 година |
| 1 Мај-<br>Ден на трудот | Работна акција во дворовите,забава и дружење, игри во двор | 30.04.2014 година |
| 6 Мај-<br>Ѓурѓовден, празник на општината | Музички хепенинг, учество на цветно дефиле,посета на општина Кисела Вода | 05-06.05.2014 година |
| 24 Мај-<br>Ден на словенските просветители | читање на текстови од воспитниот тим | 23.05.2014 година |
| 1 Јуни-<br>Светскиот ден на детето | друштвени заеднички детски игри | 01. 06. 2014год. |

## 6. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ

Јавна Детска Градинка "Весели Цветови" - на опШтина Кисела Вода во Град Скопје, во рамките на Програмата за работа во 201/2014 година ги утврдува потребите од тековно и инвестиционо одржување на објектите, како и потребите од дополнување и замена на основните средства.

**СИНОЛИЧКА"** - доградба на постоечката фискултурна сала (средства од донации)
- уредување на дворот и нова опредма за детското игралиште (донација преку ОКВ)

**"КОКИЧЕ"** - изградба на фискултурна сала. (можна донација ).
-изградба и поплочување на тераси од занимални-300.000ден
- поставување на настрешници на терасите - 300. 000 ден.

**"СОНЧОГЛЕД"** - реконструкција на санитарни јасли (можна донација преку ОКВ)1,500,000 денари
- стругање преredување на дел на паркет и негово лакирање околу 1.000 000 денари
- уредување и поплочување на тераси од занимални (можна донација)

**"МИМОЗА"** - поставување на настрешница на влезот во објектот -150 000 ден
- реновирање на дел од ограда - 300 000 ден.
- стругање и лакирање на паркет - 500 000 ден

Дел од средствата за реализирање на тековно и инвестиционо одржување ќе се обезбедат од самофинансирачката сметка на Установата, а дел од средствата се планира да бидат обезбедени од општина Кисела Вода и Министерството за труд и социјална политика, како и спонзорства и донации од невладини организации. Потребите од основните средства ќе бидат обезбедени од самофинансирачката сметка на Установа.

Во прилог Директорот во Развојниот план за работа на детската градинка дополнително ќе ги наведе инвестициите и материјалните трошоци.

В. Д. Директор

Љиљана Темелковска